СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 18 март 1992 година

Скопје, март 1992 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 18 март 1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи во салата се присутни 63 пратеници, предлагам да продолжиме со работа, а во меѓувреме ќе пристигнат и другите што се подалеку.

Пред да поминеме на точката 10 од дневниот ред дозволете ми да ве информирам за седницата на Претседателството на Собранието што ја одржавме утрово во врска со текот на Триесет и четвртата седница на Собранието.

Претседателството на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 март 1992 година ги проучи состојбите настанати во врска со текот на Триесет и четвртата седница на Собранието одржана на 17 март 1992 година и во врска со тоа го утврди следниот став.

Претседателството на Собранието на Република Македонија конотатира дека во постапката за утврдување на дневниот ред прате-никот Горѓи Котевски, од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предложи во дневниот ред за Триесет и четвртата седница на Собранието да се внесе и точка за состојбите со пролетната сеидба, со оглед на проблемите присутни во земјоделството, а за расправата по неа не понуди соодветен материја.

До тој момент таков предлог не беше воопшто даден и се разбира, не беше водена постапка по него. Немавме ниту извештај на некое работно тело. Покрај овој предлог уште неколку пратеници од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ настапија и со други предлози односно на оваа седница да се расправа за вкупните состојби во аграрот за извршување на заклучоците на Собранието за аграрот, како и за донесување таканаречени системски закони од обласга на аграрот.

На седницата беше укажано дека Собранието веќе оствари расправа за состојбите во аграрот и донесе соодветни заклучоци со кои ја задолжи Владата да преземе мерки за подобрување на состојбите во аграрот.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство учествувајќи во расправата ги информира пратениците дека, со оглед на актуелните состојби и проблеми присутни во земјоделството, трг-нувајќи од заклучоците на Собранието, Владата донесе одлуки со кои реализира поголем дел од заклучоците за кои требаше да се донесат закони: Исплати на разлика во цените, регрес за вештачки ѓубрива, снабдување со нафта за механизацијата и друго. За сето тоа како и за текот на пролетната сеидба подготвена е и информација што треба да ја разгледа Владата и потоа да се дости до Собранието на разгледување. Ова е и став на Комисијата за земјоделство и шумарство на Собранието.

Врз основа на овие укажувања беше формулиран Предлог на заклучок, Собранието за оваа проблематика веднаш да расправа откако Владата на Собранието ќе му достави материјал за расправа бидејќи Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не достави таков материјал мораше да се бара од Владата.

Овој заклучок Собранието го усвои со мнозинство гласови. После усвојувањето на Заклучокот, координаторот на Пратеничката гру-па ВМРО-ДПМНЕ Томислав Стефковски, побара пауза со цел пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да направи дополнителни консултации. По паузата, координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го запозна Собра-нието со ставот на Пратеничката група според кој, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да присуствува на продолжението на седницата бидејќи нивното барање за итно донесување на законите од сверата на аграрот не е ставено на дневен ред на оваа сендица со надгласување и дека Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе присуствува на седницата на Собранието кога ќе бидат ставени на дневен ред  овие закони заедно со Информацијата за пролетната сеидба.

Со оглед на тоа што вакви материјали не беа доставени од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ниту од Владата, согласно на Деловникот, Собранието  не може да ги става на дневен ред и да расправа по нив кога ги нема не постојат.

Владата на Република Македонија достави единствен закон за поттикнување на земјоделството. Не три закони, како што беше предложено од пратеничката група на ВМРО-ДПМН. Тој закон е содржин-ски поврзан со постапката и донесувањето на Републичкиот буџет за 1992 година,што всушност е и став на Владата.

Од тие причини овој закон е уврстен во Предлогот на днев-ниот ред за Триесет и петтата седница на Собранието на Република Макеоднија што ќе се одржи на 30 март 1992 година, а Решението за свикување на таа седница е упатено до пратениците и тие располагаат со тоа.

Претседателот, заедно со потпретседателите на Собранието направи обид со координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ

да се разјаснат и расправат состојбите бидејќи нема ниту една објективна причина за апстинирање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од натамошната работа на седницата на Собранието.

Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ информира дека денеска во 11,00 часот оваа пратеничка група ќе расправа за оваа ситуација и ќе се направи обид за излез од ваквата состојба.

Ова е информација што сакав да ви ја дадам за напорите што се направени во анализирање на состојбата во контактите што се направени со пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ утрово. Мене ми е соопштено дека во 12,00 часот ќе бидам известен за резултатите од разговорите што ќе ги обави пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Сакаме да го консултираме Собранието дали сега да продолжиме со работа или да причекаме?

(Во салата се слушат извици да се продолжи со работа).

Има збор господин Петров, па потоа збор побара господин Трпеновски.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметем дека беше сосема непотребно, ако веќе вчера одлучивме да ја продолжиме седницата, денеска Претседателството да не информира со оваа Информација заради тоа што вчерашниот тек на седницата сите го следевме и знаеме како заврши. Испаѓа како сега да се правдаме за тоа што се празни пратеничките клупи на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Па ние имавме отсуство и на пратеничката група на ПДП па не дадовме такво соопштение за многу поделикатни состојби во работењето на овој Парламент.

Лично немаше да се јавам на оваа говорница ако Претсе-дателството не дадеше вакво сопштение. Може да се информира јавноста како што пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, како што најави денеска и како што сега слушнавме дека ќе одржи наводно ПРЕС конференција. Меѓутоа, за мене, вчерашниот тек на расправата, во неа не се вклучив, бидејќи сметав дека не е ниту потребно. Но, ме испровоцира соопштението и само сакам да кажам дека вчерашниот тек на расправата можеби немаше ниту да биде таков ако ние во овој Парламент изградиме еден одговорен однос спрема тоа што го заклучуваме.

Ги побарав заклучоците од последната Триесет и трета седница и во Работниот заклучок по однос на заклучоците за аграрот еве што заклучивме:

Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието за наредната седница да достави Информација за состојбите и проблемите во откупот на некои земјоделски производи за 1991 година, за пролетната сеидба во 1992 година и за некои мерки на аграрната политика за 1992 година

Ако Владата беше одговорна спрема одлуките и заклучоците за овој Парламент ние за таа наредна седница односно оваа тие информации требаше да ги имаме. Не навлегувам во тоа дали е оправдано или не истапувањето на пратеничката група, меѓутоа, вонредна состојба нема потерба да прогласуваме сега и да даваме оправдување. Ако решивме да ја продолжиме седницата ќе ја продолжиме.

СТОЈАН АНДОВ:

Не треба да се внесуваат додатни нервози. Ние утрово заседававме и нужно е Собранието да го известиме за тие согледувања.

Инаку, за тоа дека Собранието заклучи повторно да ја гледа Информацијата за аграрот тоа е овде соопштено и Собранието го заклучило. Владата уште ја нема гледано таа Информација, а е подготвена. Затоа овде не треба да правиме во таков поглед, сами себе блокада на работата туку треба да се ориентираме кон тоа како да го комплетираме Собранието и што повеќе и поефикасно да работиме. Тоа е работата. Ништо понатаму. Ниту некој за нешто се правда, ниту не, туку треба на јавноста да и е наполно јасно дека правиме напори Собранието во овие и сакам на сите да ви обрнам внимание многу значајни акти што се уврстени во дневниот ред на Триесет и четвртата седница должен е секој пратеник да даде при-донес со своето учество и присуство овде. Фактички, сега се донесуваат оние клучни закони од изградбата на македонската држава. Затоа ние неможеме така да се однесуваме. Ова е дообјаснувањето.

Инаку, формално кога би работеле се разбира ние така мора да работиме и ќе работиме и господин Петров во тој поглед има сосема право, одлучивме да работиме и ќе работиме, меѓутоа цело време треба да правиме напори сите да работиме. Тоа ни е обврска. Нас не избрал народот.

Господин Трпеновски бараше збор.

Господин Трпеновски се повлекува.

Продолжуваме со работа по дневниот ред.

Минуваме на точката 10- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за внатрешни работи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и ЗПК Ви се доставени доносно поделени.

Отворам претрес  по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам  претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за внатрешни работи.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница

да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат

рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да

се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?  (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес-

Отварам претрес по тексто на Предлогот на закон.

Пратеникот Туше Гошев поднесе амандман на член 1, став 1

алинеа 1 и 3 и став 2.

Комисијата за внатрешна политика и ОНО го разгледаа

овој амандман и го поддржа во изменета форма со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Текстот на предлогот на законот.

По Текстот на предлогот на законот амандмани поднесе пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за внатрешна политика и ОНО ги разгледа овие амандмани и констатира дека тие се вградени во новиот текст на Пред-
логот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и ОНО поднесе амандман на член 1, став 1 и 2, меѓутоа ги повлече поради тоа што се вградени во амандманот што стана составен дел во текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот,

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот по тскстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака), 64 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за измену-вање на Законот за внатрешни работи.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за работни односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесвуање на закон. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за работни односи.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците крвaат рака)

Дали има некој против?(1 пратеник е против)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1 пратеник е против)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон. Молам, кој бара збор? Има збор господин Минов.

ПАНЧЕ МИНОВ:

По однос на гласањето за донесување на овој закон гласав против затоа што сметам дека решенијата во членовите 1 и 3 од овој закок, прво, решението во член 1 каде се исклучуваат општинскиот и републичкиот буџет како фондови за позајмица за исплата на

гарантиран личен доход на организации кои ќе се додадат во таква состојба истите се нереални затоа што реалната состојба со тие фондови и со претпријатијата што се во таква незавидна состојба и конкурираат пред истите исцело се во неможност да ги истите користат од проста причина што тие со средства се празни. Така што со исклучувањето  на алинејата 3 и 4 од ставот 2 на членот 35 фактички се доаѓа до нереални и без средства изворни за дотирање на претпри-јатијата кои ќе западнат во незавидна положба и потреба од исплата на гарантиран личен доход.

По однос на член 3 сметам дека истиот значи намалување на правата на онаа категорија и структура на невработени, таканаречени привремено невработени кои остваруваат права од страна на трансфор-мираните СИЗ-ови по однос на привремена невработеност, тоа е овој паричен надоместок и сите други придружни права по тој основ. Овде се предлага гарантираниот личен доход кој е основа за пресметување на износот  на тие права, наместо законското право од 55% како што важи за сите, за нив да изнесува 44% што е намалување на законското право на пресметување на личниот доход. Тој паричен надоместок, практично наместо 80% како што гласи правото по Законот за вработување, наместо 80% од гарантираниот личен доход овде основицата на гарантираниот личен доход ќе биде многу пониска.

Сметам дека тоа е неповолно за сите вработени кои по основ на технолошки вишак и стечај се останати во заводите за вработување и во нивни интерес, а има големи поплаки на висината на паричниот надоместок што го користат а се исплатува  за нив, дека ова е една закокска рамка за намалување на нивните права односно за добивање ефект за помал износ на овие парични надомести што се иплатуваат за нив.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Му давам збор на господинот министер Илијаз Сабриу.

ИЛИЈАЗ САБРИУ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Укажувањата на пратеникот во врска со Законот за работни односи мислам дека неможеме да ги прифатиме. Расправавме за тоа на комисиите, бидејќи се определивме за пазарно стопанство и веќе во Уставот на Република Македонија не постои категорија гарантиран личен доход, значи таа категорија е веќе напуштена и државата нема никакви обврски да партиципира за исплата на гарантиран личен доход на претпријатијата, со оглед дека веќе се определивме за трансформација на капиталот односно приватизација на претпријатијата. Од тие причини мислиме дека оваа измена на Законот за работни односи треба да биде прифатена со оглед дека досега Буџетот на општините, на градот Скопје и на Републиката учествуваше и тој износ изнесува некаде 132 милиони динари што веќе не се вратени во овие буџети. Но, тогаш беше уставна и законска категорија, односно уставна категорија и законско решение.

Од тие причини, мислиме дека, бидејќи се определивме за една ваква определба за пазарно стопанство, мислиме дека во иднина не може државата да гарантира гарантиран личен доход на приватни претпријатија така да кажам, бидејќи сега е обврска на приватниците во приватниот сектор и во досегашните општествени претпријатија а утре не знаеме каков статус ќе имаат, дали акционерски друштва или ќе има нивна а тотална приватизација, државата односно Буџетот на Републиката не може да презема такви обврски од овие причини.

Втора причина, е исто така дека бројот на организациите е зголемен, организации што одат под стечај, под ликвидација.Со оваа трансформација веројатно ќе се зголеми бројот на работниците кои ќе одат и ќе ги користат правата во Заводот за вработување и ако дозволиме од Буџетот на Републиката да се исплатуваат, верувајте дека сигурно уште еден буџет нема да ми стигне за интервенции за овие области.

Од тие причини предлагам да го прифатиме Законот во ваков предлог а со оглед дека во Уставот се испушта како уставна категорија загарантираниот личен доход, државата веќе нема никакви обврски да интервенира со средства во оваа област.

ИЛИЈАС САБРИУ:(продолжение)

Во врска со второто прашање имаме досега две категории на загарантирани лични доходи. Едни на корисниците на правата што се во заводите за вработување како невработени и корисници на социјалните права. Тие досега како законски решенија добро функционираа, добро живееа, но сега мислиме дека во рамките на Буџетот се избилансирани средства по овој основ, со овие проценти на загарантиран личен доход, од 55% и немаме никакви материјални можности , пообемни за да интервенираме во овие области. Од тие причини мислиме дека, а и на комисиите на Собранието беа прифатени овие решенија , па предлагам и пратениците да го прифатат во овој вид. Со новиот закон за работни односи, кој е во процедура и за неколку дена веројатно ќе дојде и на Парламентот , ќе имаме прилика да расправаме повеќе и поопширно за сите овие проблеми што и денеска се појавуваат по повод оваа наша измена на Законот за работни односи.

ПЕТАР ГОПЕВ:

Почитувани пратеници, имавме една забелешка зошто се нама-лува обврската на државата во врска со фондовите за заеднички резерви, односно за одржување на категоријата загарантиран личен доход. Исто така имавме објаснувања на г-дин министер дека тоа мора да се напушти заради тоа што со новиот Устав едноставно нема категорија загарантиран личен доход.

Образложението на г-динот министер е во согласност она кон што треба да тежиме заради тоа што новиот Устав на Република Македонија материјалната и социјалната помош ја преместува од сферата

на вработените кон сферата на граѓаните и ја штити егзистенцијалната положба на граѓаните кои што едноставно не можат од разни причини да обезбедат материјални средства. Тоа е вистината и ако од тој аспект го погледаме овој закон, и не само овој закон, туку и Законот за вра-ботување во врска со тоа прашање и Законот за заедничките резерви и онаа обврска со која што претпријатијата се обврзани за таа потреба да издвојуваат средства, тогаш се поставува прашањето на уставниот основ за таков закон ако важи Уставот на Република Македонија, овој што го усвоивме.

Решениeто сега што се нуди е постепено напуштање на она што беше со стариот Устав на Република Македонија, или со економијата што ја имавме во рамките на моделот социјалистичко самоуправен, пазарно-плански итн. Според тоа, за ваков закон и за законот за работни односи и за законот за заеднички резерви ние практично немаме уставен основ, но сега се работи како да го направиме преминот до она што е Устав, нов на Република Македонија.

Според тоа едноставно прашањето е кога ќе почнеме да усво-јуваме закони кои што ќе бидат целосно во согласност со новиот устав и закони кои што ќе бидат целосно во согласност со моделот на пазарната економија што сме го концепирале како модел со политичкиот систем на Република Маекдонија. Тоа е централното прашање. Инаку, ако на овој начин работиме , ние едноставно нема да добиеме никогаш прави реформски закони. Од тој аспект е многу дискутабилен овој закон и оваа измена на законот.

ИЛИЈАС САБРИУ:

Ова што господинот Гошев го кажа јас мислам дека држи. Јас кажав дека Законот за работни односи е во процедура и ќе дојде веројатно за месец дена веројатно, но во прва фаза. Тој ќе оди во две-три фази, што значи некаде во јуни-јули месец ќе се усвојат. Дотогаш затоа предлагаме вакво парцијално решение, да немаме обврски на републичкиот буџет утре да интервенираме. Инаку се држи што се кажа, ние се определивме и така мора да работиме. Значи системските закони ќе се усвојат , но кога ќе се усвојат тогаш ќе можат и да се применуваат.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 2, втора варијанта со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Никола Стојановски поднесе амандман на член 1 и за внесување на нов член 1-а, а ЗПК поднесе амандман на член 4 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по амандманот.

Има збор г-динот министер Илијас Сабриу.

ИЛИЈАС САБРИУ:

По овој закон поднесениот амандман од пратеникот Никола Стојановски не го прифативме и не можеме да го прифатиме од следните причини.

Со амандманот се предлага корисник на пензија да може да заснива работен однос. Бидејќи рековме дека ова е измена на Законот за работни односи која се однесува само на сегментот на фондот за заеднички резерви, не навлегуваме во другите сегменти на системскиот закон, бидејќи тоа прашање треба да го регулираме со системски закон и е друга глава, тоа прашање оставивме да го регулираме со системскиот закон кој е во процедура. Амандманот што е предложен со такви решенија на некој начин е содржан во предлогот на решенијата и алтернативите во законот што ќе дојде на ова Собрание. Од тие причини не го прифативме, но како што е и работниот заклучок на Комисијата ние ќе го имаме предвид . Прашањето што го предлага пратеникот мислиме дека ќе биде решено со системскиот закон кој ќе биде за месец дена во оваа сала на разгледување. Значи, сега не би требало да одиме со сите тие работи, новини што ги имаме во законот за работни односи да ги внесуваме во овие измени.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали уште некој бара збор:(Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање-.

Кој е за, молам да крене рака.(9 пратеника).

Дали има некој против?(8 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (пратениците креваат рака]

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 1-а, поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по овој амандман. (нема потреба).

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој). Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(14 пратеника).

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(пратениците креваат рака)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување на нов член 1-а поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈАС САБРИУ:

За овој амандман поднесен од ЗПК бидејќи Законот не може да има ретроактивно дејство, а ние инсистиравме да има ретроактивно дејство, но со оглед дека законски тоа не е можно, ние го прифаќаме тој амандман. Значи важи од денот на објавувањето на законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи се прифаќа амандманот. Кога се прифаќа амандманот не водиме расправа по амандманот бидејќи е составен дел на текстот на предлагачот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(68 пратеника).

Дали има некој против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за работни односи.

По повод донесувањето на Законот за изменување на Законот за работни односи, Комисијата за труд и социјална политика му предлага на Собранието да го усвои следниот работен заклучок:

1. Собранието укажува на потребата Владата на Република Македонија при изготвувањето на новиот закон за работни односи да го има предвид прашањето покренато во амандманот поднесен од пратеникот Никола Стојановски што се однесува на создавање можност за засновање на работен однос на корисниците на лична пензија.

2. Овој Заклучок да се достави до Владата на Република Макадонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

Дали е некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на точката 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и ЗПК Ви се доставени, односно поделени,

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман на член 7, со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Тодор Петров, Алил Џаферовски и Бранко Арсовски и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесоа амандмани со кои не се согласи, односно по кои не се произнел претстав-никот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ГОРГИ НАУМОВ:

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија ги предложи соодветните измени во членот 2 од причините како што ви е познато, соодветни вработени лица во органот за внатрешни работи и во Министерството за народна одбрана покрај личниот доход утврден со законот им припаѓа и личен доход од најмалку 20% заради специфичноста на службата.

Бидејќи и во Министерството за правосудство и управа имаме исти профил на кадри кои што работат во казнено-поправните домови, затворите, стражари, предложивме и овие вработени да имаат право на зголемен личен доход од најмалку 20%.

Во нашиот закон за извршување на кривичните санкции стои најмногу до 20%, а во Законот за внатрешни работи стои најмалку 20%.

Бидејќи сме обесправени а иста функција вршат стражари стражари, дури и поодговорна функција стража-чувар на затвореници, пред-лагаме да се уважи предлогот на Владата за измена и дополнување на Законот за кривични санкции и наместо најмногу 20%, да стои најмалку 20%.

Од тие причини предлогот на Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана да се брише оваа измена , не го прифаќаме.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Поповски, претседател на Комисијата.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Комисијата за внатрешна политика и општо народна одбрана го предложи овој амандман од следната едноставна причина.

Членот 2 да се брише, тоа значи да си остане решението 20%, колку што и сега изнесува, а да не се прифати предлогот на Владата, односно предлагачот тоа да биде најмалку 20% што значи да може да оди во недоглед, некаде до 50-60 дури и 80%.

«

Бидејќи заземавме став уште при расправата за донесувањето на Законот за народна одбрана односно за одбрана на Република Македонија, бидејќи и таа област на општественото делување ја користеше оваа бенефиција за стимулативен дел од најмалку 20% и ЗПК и Комисијата за внатрешна политика уште во таа расправа вградија едно решение и во Законот за одбраната за работниците со посебни овластувања зголемува-њето на нивниот личен доход да може да изнесува само 20%. Оттаму не гледам причина зошто сега за овој дел на работници, во казнено-поправ-ните домови треба да се има посебен третман и да се овозможи. Според тоа заложбата на Комисијата ќе биде и натаму, кога ќе го гледаме Законот за внатрешни работи и таму да се изврши оваа корекција, бидејќи сега припадниците на органот за внатрешни работи користат стимулативен дел скоро до 50 насто. Оттаму ги молам и пратениците да имаат предвид дека сакаме да го унифицираме решението во врска со стимулацијата на работници со посебни овластувања и тоа да изнесува секаде исто, 20%, да нема повеќе.

Тоа е објаснувањето во врска со овој амандман.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор во врска со амандманот? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот да крене рака?. (57)

Дали некој има против. 2

Дали некој се воздржува? 4.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и ОНО.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и ОНО.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ГОРГИ НАУМОВ:

Владата и овој амандман не го прифака. На Комисијата за народна одбрана од причини што досега ова комисија беше составена во функционална основа, повеќе лица ја сочинуваат од министерот за правосудство, претседателот на Врховниот суд, министерот за внатрешни работи и еден претставник од општествено-политичките организации, порано социјалистички сојуз а сега лица кои се бават со пенологија наука.

Сметаме дека, Комисијата за условен отпуст не треба да биде составена, односно да ја формира Владата на Република Македонија, бидејќи се работи повеќе за стручна работа и Владата не треба во тој дел да има ингеренции, таа пред себе има министерство министер за правосудство предлага да ја формира Комисијата за

условен отпус и таа пак ќе биде составена од редовите на министерството, судот, јавното обвинителство, министерството за внатрешни работи и од науката кои се бават со пенологија.

Од тие причини, сметаме дека амандманот е неоснoвен и треба да се остави на министерот за правосудство да ја формира Комисијата која што е строго стручна и во која треба да влезат лица, кои се занимаваат со пенологија.

ЉУБИМИР ПОПОВСКИ:

Комисијата овој амандман го предложи од следнава причина: Со оглед на значењето на прашањето по кој се одлучува во Комисијата за условен отпуст, а кои се однесуваат и на основните основи и права на човекот и граѓанинот, се оценува дека е поадекватно и поцелисходно оваа комисија наместо министерот за правосудство да ја именува Владата. Јас тука не гледам причина, бидејќи и членот 4 по малку е неприфатлив во смисла на тоа што самиот составувач на Комисијата е и претседател. Мислам дека сепак треба да има една инстанца во оваа смисла. Може да биде на предлог на министерот, немам ништо против, меѓутоа, Владата да ја именува таа комисија, бидејќи неможе министерот сам да си ја именува таа комисија и да биде претседател. И да поднесува извеш-тај и на Владата, не само на министерот. Тука станува збор за една прифатлива работа и нема причина зошто да не се прифати овој амандман на Комисијата.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Согласно на Законот на органите на управата, поточно во членот 160, каде се предвидува што може министерот да донесува, никаде нормативно не стои дека министерот може да формира комисија Оттука Сметам дека може како член на Владата да предлага, а Владата

да формира комисија. Мислам дека ако министерот сам ја формира комисијата, а во исто време е член во неа, сепак мислам дека ја нарушува двостепеноста на постапката, ја нарушува реалната состојба, влијанието, дискреционите права и т.н.

ГОРГИ НАУМОВ:

Прво да појаснам министерот за правосудство, не е претседател на Комисијата. Тој формира комисија и определува друг претседател на Комисијата од редовите на министерствоото за правосудство. Да конкретизирам, во најрационална мера, треба да биде помошникот кој што е одговорен за затворите. Тој треба да биде одговорен за комисијата. Во Министерството постојат помошници, потсекретари и т.н. Помошникот е одговорен од областа на затворите и треба да биде претседател на Комисијата. Министерот ја формира Комисијата, не е член на комисијата.

Второ, дека министерот не формира комисија не е точно министерот за правосудство ја формира Комисијата за полагање на правосуден испит и други комисии коишто со закон е овластен да ги формира.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 64.

Кој е против? 1.

Дали е некој воздржан? 2.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и ОНО.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и ОНО.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ГОРГИ НАУМОВ:

Штом се усвои претходниот амандман, тогаш е завршена работата.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Според тоа го прифаќа претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Го повлекувам амандманот.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Амандманот на член 8 се внесува на тоа дека во текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите и кривичните дела и стопански престапи, да се прифати да се брише само насловот на 9-та глава за извршување на смртна казна, што е прифатено и во Уставот на Република Македонија и членовите 184, 185 и 186, кои ја разработуваат оваа глава за извршување на смртната казна. Амандманот се однесува на тоа дека кривичните дела, извршување на казна за конфискација на имот и членовите кои ја регулираат оваа проблематика, 195 до 205

и понатаму да остане во законска регулатива во Законот за извршу-вање на санкциите за кривични дела и стопански престапи. И тоа од следните причини: заради тоа што станува збор за оној дел за конфискација на имотот и на оној дел од имот кој е стекнат со средства со вршење или по повод вршење на некое кривично дело, за што сторителот е осуден со правосилна судска пресуда. Не станува збор за конфискација, како метод на работа, како што тоа можеше да го врши во времето на едноумието, заради разни дела кривични, коишто и со нови одредби на Уставот, фактички се укинати, туку станува збор само за конфискација на имотот, и тоа на оној дел од имтот кој е стекнат со средствата по повод на вршење на кривично дело. Впрочем, граѓаните според сегашните решенија во членот 204 од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи, заштитени се со решение за запирање на постапката за извршување на казната конфискација на имотот, ако осуденото лице нема имот, кој според законот би можел да му се одземе, или ако имотот што би можел да му се одземе е од незначителна вредност. Доколку ваквата мерка со закон се укине, а Уставот, не забранил конфискација на имотот, стекнати со средства прибавени со вршење или по повод вршење на кривично дело, за што сторителот е осуден со правосилна пресуда, за мене лично се лега-лизира и делува стимулативно за вршење на кривични дела, со кој секој на секаков начин се стекнува со противправно прибавена корист и имот, за да на крајот може да одлежи само казна затвор од година дена,  а противправно стекнатиот имот да остане на негово име, или на името на членовите на неговото семејство, или на друго лице на кое се пренесува правото на сопственост на движен или недвижен имот противправно оттуѓен и стекнат.

На тој начин сметам дека ќе се стимулира криминалот и криминалните дејствија, бидејќи благата казна ќе побудува кај секого мотив и стимул, подобро да се одлежи казна затвор, а отпосле да се живее добар живот, со оној имот кој што се извршено кривично дело противправно е стекнат.

Оваа глава за конфискација на имотот сметам дека треба да се преработи, да се усогласи терминологијата со новиот устав на Република Македонија, во рамките на подготвувањето и донесувањето на новиот закон, меѓутоа, воопшто не смее да отпадне.

Бришењето на оваа глава ќе придонесе за зголемување на степенот на правната несигурност кај граѓаните, бидејќи секој од секого ќе може да украде било што, да стекне противправен имот со кривично дејствие, автоматски пренесувајќи ги правата во сопст-веност на друго лице, го оневозможува оштетеното лице или субјект да го поврати назад својот одземен имот, бидејќи сторителот на кривичното дело ќе може да одлежи само казна затвор.

Од тие причини, сметам дека треба да се прифати предложениот амандман.

ГОРГИ НАУМОВ:

Треба да се прави разлика помеѓу конфискација на имотот како кривична санкција, одземање на предмети од лицето што извршило кривично дело, или кои биле наменети за извршување на кривично дело.

Излагањето на Тодор Петров беше во таа смисла одземање на предметите кои што настанале со извршување на кривично дело, противправно присвојување, кражба, проневера и т.н.

Ние во општите одредби од кривичниот закон на СФРЈ, сега прифатен како закон на Република Македонија, немаме кривична санкција, конфискација на имот. Немаме кривична санкција смртна казна. Смртната казна и конфискацијата на имотот, која што беше како споредна кривична санкција се укина. Адекванто на тоа мора да се изврши измена и во Законот за извршување на кривични санкции, бидејќи таа како санкција неможе да се изрече. Нема што да стојат одредби за нејзино извршување, или за смртна казна кога смртна казна неможе да се изрече и конфискација на имот не може да се изрече. А имот, богатство стекнато со кривично дело се одзема по член 69, тоа не го бришеме ние.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (никој)

Констатирам дека никој не бара збор и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 5.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9, во новиот член 294-а, став 1 алинеја 3,4 и 5 и за внесување на нова алинеја 6, поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ГОРГИ НАУМОВ:

Со поднесениот амандман пратеникот Алил Џафероски всушност предлага затворот во Прилеп да остане и да не се прифати предлогот на ова министерство и Владата овој затвор во Прилеп да биде отворено одделение.

Министерството не го прифати овој амандман, од причини што сметаме дека со постојната рационализација на затворите во Република Македонија од 12 на 6 се обезбедува доволен простор за лицата коишто треба да бидат во овие затвори. Мислам дека не треба да се настојува пошто-пото да се отвори затвор и онаму каде што нема основа за негово постоење. Во Прилеп, во Струмица, во Крива Паланка, во Куманово и т.н. имаме по десетина затвореника, а имаме по 20 вработени лица. Ќе мора да извршиме рационализација во овие затвори. Од тие причини, сметам дека ако затворот во Прилеп е толку усовршен, најмодерен тоа нека биде детска градинка, училиште и слично а не затвор.

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:

Министерот кажа дека на оваа рационализација веројатно е заштеда и на средства. Меѓутоа, не го прочита моето образложение најверојатно министерот и не држи место ова што го кажа како образложение за барањето да се врши поинаква организација на зат-ворите во Републиката.

Гледано од аспект на подрачјата што одредени затвори треба да ги покриваат, министерот веројатно немаше предвид дека Македонски Брод е двапати поблиску до Прилеп, отколку во Охрид, или пак Кавадарци е два пати поблиску до Прилеп, отколку до Гевгелија.

Што се однесува до бројот на вработените, тие веројатно да одат на улица, туку треба дел од нив заради намалениот обем на затворот во Прилеп да се преместат во Битола и нивното секојдневно патување најверојатно ќе предизвика трошок. Мислам дека амандманот треба да се прифати и токму е во духот на рационализацијата,

за која министерството има цел да ја направи.

ГОРГИ НАУМОВ:

Затворот во Прилеп ние не го укинуваме. Затворот и понатаму останува како отворено одделение на затворот во Битола. Во затворот во Прилеп ќе извршуваат казна сите оние што се од Прилеп до година дена, како и во другите затвори и оние што се за прекршок. Единствено нема да бидат во затвор во Прилеп само притворениците, а тие се 5 до 10 во годината. Ние за тоа набавивме 5,6 комбиња во сите затвори, а Прилеп, Битола е 30 км. нема место за затвор од затворен тип. Во крајна линија овде како отворено одделение ќе имаат поголеми бенифиции отколку во Битола. Тој е затворен тип, а Прилеп е затвор од отворено одделение. Тие можат и дома да си одат.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали има некој што сака да учествува во расправата?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот со амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 8.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 во новиот член 294-а став 1, алинеја 3,4 и 5 и за внесување на нова алинеја 6 поднесена од пратеникот Алил Џафероски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 294-а став 1 алинеја 3, 6 и 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор господинот Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Мене би ме радувало од оваа говорница и од овие прате-нички клупи да се залагаме да се градат болници, училишта,меѓутоа да се бара да се задржат затвори во постоечката затворска мрежа, изградена во времето на едноумието кога секој можеше да оди по било чија директива или налог во затвор заради различно мислење, ме доведува во дилемата да заклучам дека или некој бара затвор за да биде управник или дека мисли ако оди во затвор од патриотски причини полесно ќе му биде да си ја одлежи казната затвор во родниот крај. Затоа сметам дека амандманот кој што го предлагам предвидува отворените одделенија во Прилеп, Крива Паланка, Стру-мица да се бришат од Предлогот на законот, односно во овие градови овие отворени одделенија да се укинат. Од тие причини сметам дека со Уставот на Република Македонија, покрај другото, Републиката се инагурира како демократска држава, посебно се разработени во главата човековите права и граѓанските слободи и дека Македонија тоталитарно преминува во демократска повеќепартиска и парламентарна држава, во која што треба да се почитуваат, пред се, човековите права и граѓанските слободи. Многу кривични дела се укинати и престанале да важат, така што постојната скапа затворска мрежа треба да се рационализира и усогласи според потребите, оптималните потреби за да не се случува како во некои затвори бројот на вработените во службите да биде поголем од бројот на затворениците. Македонија, сепак, е мала држава која што не може

да си дозволува со досегашниот концепт на федерализација на опш-тините и во рамките на тоа по принципот еден град еден затвор. Затоа сметам мрежата треба да биде осмислена спсред принципот на економичност и навистина треба да се премине кон една друга опција, а тоа е социјализација на затворениците и осудениците , хуманизација на односите на условите за живот и работа во зат-ворите, што значи концентрација на простор, кадри, услови за жи-вот и работа на многу повисок степен со цел и овој сегмент да ги усогласи своите поставки со материјалните можности на државата и буџетот кој што треба да го донесеме. Бидејќи,овие затвори се финансираат од Буџетот на Република Македонија.

На 17 октомври минатата година јас поднесов едно барање до Владата да ми достави една информација за состојбата во казнено-поправните установи, за да се види организационата поста-веност и дали навистина има оправданост толкав огромен број на закони да има Република Македонија. Од тие причини предлагам да се укине постоењето и да престанат со работа отворените одделе-нија во Прилеп, затворот во Битола, отвореното одделение во Кри-ва Паланка, затворот во Скопје и отвореното одделение во Струмица. Меѓутоа, не од причини правата на затворениците да се повредат според усвоените резолуции од економско-социјалниот совет на Обединетите Нации од 1955 година како што тоа го кажува Владата, заради тоа што и во постоечките закони можат да се организираат отворени одделенија. Затоа сметам дека воопшто не е спротивно на меѓународните резолуции ако се укинат овие отворени одделенија, кои што сега со мојот амандман се предлага да се бришат, дека со тоа ќе бидат загрозени правата на затворениците. Бидејќи сеуште немаме добиено информација каква е поставената организациона мрежа

на затворите во Република Македонија,  сметам дека и овие постоеч-ките доволно го оптоваруваат буџетот и затоа предлагам пратениците да го усвојат амандманот, односно да се укинат овие отворен одде-ленија во Прилеп, Крива Паланка и во Струмица, а средствата да преминат во Министерството, а Владата да ги даде за користење под закуп за институции кои ќе им служат на слободите на граѓаните.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор во врска со амандманот?

Има збор господинот Наумов.

ГОРГИ НАУМОВ:

Причините што беа изнесени од пратеникот Тодор Петров, навистина, се издржани. Меѓутоа ние одиме етапно. Во конкретниов случај се работи за Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на кривичните санкции, а не за нов закон. Ние сега во оваа етапа сакаме, додека да подготвиме нов закон да обезбедиме услови на стражарите што се вработени во овие отворени одделенија во Струмица, Прилеп, Крива Паланка и Велес, постепено сме во преговори со Министерството за внатрешни работи и Министер-ството за народна одбрана, овие луѓе да бидат таму преземени, дел од другите вработени да остварат право на пензија или најдат ра-бота на друго место и со новиот закон ние ќе одиме на уште пого-лема рестрикција, не на шест како сега предлагаме, туку на три затвори Скопје, Битола и Штип. Република Македонија е толку мала, за 2 саата можат да се приведат од сите краишта на Штип, Битола и Скопје. Од тие причини засега сметаме дека тие четири отворени одделенија треба да постојат, а со новиот закон кој што ќе биде предложен до крајот на годината ќе го уважиме барањето на пратеникот Тодор Петров.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? Има збор Димитар Поповски.

ДИМИТАР ПОПОВСКИ:

Само за информација стои во извештајот на Комисијата дека овој амандман четврти на пратеникот Тодор Петров не беше поддржан.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали има други за дискусија? (Нема)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот? (4).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 во новиот член 294-а став 1 алинеја 3, 6 и 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 294-а став 1 алинеја 6 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

ГОРГИ НАУМОВ:

Владата не го прифаќа овој амандман од причини зашто Куманово е толку блиску до Скопје и со набавените комбиња нема потреба за затвор во Куманово. Понатаму, затворот во Куманово е во составот на органот на внатрешни и еден од најстарите, не е современ, нема услови ресоцијализација на лицата кои што издржуваат казна затвор.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Бранко Арсовски.

БРАНКО АРСОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сакам да ве известам дека понудениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи во целина го прифаќам и сметам дека е во функција на рационалноста, економичност и квалитетот во извршувањето на санкциите, но со една сериозна забелешка на делот на член 9 на новиот член 294-а каде по членот 294 се додава нов член 294-а,а истиот се однесува на следното:

"Казната затвор се извршува во казнено-поправниот дом Идризово - Скопје, КПД од отворен тип Струга, затворот во Битола со отвореното одделение во Прилеп за подрачјето на општините Би-тола Демир Хисар, Крушево, Прилеп и Ресен, затворот во Гевгелија на подрачјето на општината Валандово, Гевгелија, Кавадарци и Не-готино, затворот во Охрид за подрачјето на општините Дебар, Кичево,Македонски Брод, Охрид и Струга, затворот во Скопје со отворените одделенија во Крива Паланка и Титов Велес за подрачјето на градот Скопје, општината Куманово, Кратово, Крива Паланка и Титов Велес".

Според текстот во посочениот член, фактички од досегашните целосно се укинуваат постојните затвори во Куманово и Кичево, а остануваат затворите во Скопје, Битола, Штип, Охрид, Тетово, Гевгелија со отворени одделенија во Титов Велес, Крива Паланка, Прилеп и Струмица со извесна модификација.

Меѓутоа, читајќи го образложението на Предлогот на за-конот, посебно во делот на третата глава, а што се однесува на целите што треба да се постигнат со уредување на односите на предложениот начин, посебно во членот 9 не можев докрај да се убедам дека се спазени сите критериуми за оправданоста посебно за укинувањето на двата постојни затвори во Кичево и посебно во Куманово. Од каде се јавува таква дилема? Пред се од основните показатели кои што можат да ја потврдат и оправдаат функцијата на еден затвор или одделение, посебно кога се работи за Кумановскиот затвор.

Прво сметам за нерационално неекономично, технолошки и правно неодрживо што Кумановскиот затвор целосно се укинува, па други не се предвидува ниту да се трансформира во одделение ка-ко крајна и објективна можна варијанта. Зошто е тоа така, она што понатаму ќе го изнесам и некои показатели ќе ја оправдаат мојата теза и мојот поднесен амандман.

Почитувани пратеници и почитуван министер Наумов - сакам да ве потсетам дека општина Куманово зафаќа 1112 км површина со 110 населени места, од кои 109 се рурарни и една градска сре-дина со вкупно 150 илјади жители и четврт град по големина во Републиката. Општина која се наоѓа на крстопатот во тој дел каде динамиката на сообраќајот, луѓето и стоката е многу интензивна. Посебно во општината популацијата е хетерогена, со сите обележја. Тоа е општина во која се сместени високостручен и организационо-способен кадар и правосудни институции, општински суд, општинско јавно обвинителство, општински суд за прекршоци, развиени служби за внатрешни работи и служби кои што обезбедуваат превентива како што е Центарот за социјална работа и т.н. Посебно што во кумановската општина само за една година се забележани повеќе од 700

кривични предмети, а да не зборуваме за прекршоците што постојат и кои што се условени од низа фактори. Меѓутоа, кога на сето ова се додаде и податокот дека во текот на една година се забележани околу 47 притвори и што во општинскиот затвор кумулативно во годината престојувале повеќе од 150 лица и што со новите општестве-ни и економски промени има можности оваа бројка да се зголеми, тогаш постојат сите услови Кумановскиот затвор да остане или да биде отворено одделение. Ова посебно што обликаторниот притвор, со еден збор притворот како мерка за обезбедување, присуство на обвинетиот а што е во функција на успешно водење на кривичната постапка во општина Куманово бил многу често правилно користен.

И на крај да потсетам дека пенолозите па и пенологијата го орпавдува и го прифаќа моделот на помали затвори, односно одделенија, со интенција тие да се лоцираат во средината од каде по-текнуваат осудените лица на казна затвор до една година, имајќи го превдид во прв ред целокупниот третман во кој дел ресоцијализацијата е поуспешна доколку лицата можат да општат со својата работна и животна средина, со семејството и тн. Според тоа, постојат оправдани материјални, кадровски, просторни, работни и други услови за целосна ресоцијализација на личноста во Куманово да остане ако не затвор туку одделение.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор пратеникот Ристо Стаменов.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Почитувани пратеници, раководната структура во Крива Паланка ме задолжи да го пренесам следното - поддржувајќи го предлогот на Владата и на нашите комисии надлежни за разрешување

на овој проблем, сакам да го кажам следното дека не го прифаќаме мислењето по однос на амандманот на пратеникот Бранко Арсовски а и не приговараме протв тоа што Арсовски приговара за постоењето на затворот во Крива Паланка, меѓутоа должен сум во неколку ре-чиници да кажам дека се работи за затвор современо изграден од пред неколку години со некаде околу 40 кревети со одредени прос-тории за самици, потребен стручен кадар, затворот кој ги има сите современи услови и како таков одговара на локацијата на границата меѓу Македонија и Бугарија, а е и во состојба за издржувањето на одредени лица кои се времено или на подолг период а се странски државјани, на некој начин да го даде обележјето на хуманизиран затвор.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот? (2).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 во новиот член 294-а став 1, алинеја 6 поднесен од прате-никот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Го повлекувам амандманот.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Пратеникот Тодор Петров го повлекува амандманот и овде немаме амандман.

-

За збор се јави господинот Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас се извинувам, меѓутоа местото ми е таму такво, со последните излегувања на неколку пратеници, ние во овој момент немаме 61 пратеник во салата. Молам да се направи пауза и да се обезбеди кворум со повикување на пратениците.

ГЛАСОВИ:

Да се повикаат излезените пратеници.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, службата да провери да констатираме колку пра-теници се во салата, а и истовремено да ги информирате овие пра-теници што се излезени за момент од салата да влезат.

Засега во салата имаме 61 пратеник и можеме да работиме.

Продолжуваме со расправата по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бар азбор, го заклучувам претресот на текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за текстот на Предлогот молам да крене рака. (57)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изме-нување и дополнување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и за стопански престапи.

Минуваме на точка 13

Предлог на закон за вршење на хидрометеоролошка работа

Предлогот на овој закон и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1, 7 став 1, член 8 став 1, член 10 став 2 и 3, член 17 став 2, член 24 став 1, точка 1 член 28 и 29 став 2, Комисијата за заштита на човековата околина поднесе амандмани за префрлање на член 6 по член 1, член 3 точка 10, член 8 став 1, член 16 став 1, член 22 точка 2 и член 23 став 1, а Комисијата за земјоделство и шумарство поднесе амандман на член 4,  точка 3 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

ПЕТКОВСКИ:)(продолжение)

Комисијата за заштита на човековата околина ги повле-че амандманите на член 1, 4, точка 3 и 19.

Законоданво-правната комисија поднесе амандман на член 24 став 1, со кои не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 под-несен од Законодавно-правната комисија.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (два гласа)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија:

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? ( никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (три гласа)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вршење на хидрометеоролошки работи.

Минуваме на точка 14 - Предлог на одлука за стапката на придонесот за вработување за 1992 година.

Предлогот на Одлуката и извештаите на Комисиајта

за труд и социјална политика, Комисијата за финансирање и буџет

и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

ПАНЧЕ МИНОВ:

Почитувани пратеници, во прилог на донесување на предложената одлука за стапките на придонесот за вработување сакам да изразам една заложба на прифаќање на предложените заклучоци од предлагачот на Одлуката во смисла да се утврди реална стапка на придонесот за вработување со која ќе се обезбедат такви средства кои ќе овозможат целосно и навремено измирување на утврдените права. Ова од причини што во последен период посебно е изразен недостигот на средства за задоволување на правата на невработените кои се на Заедницата за вработување во однос на исплатата на паричниот надоместок посебно во однос на остварува-њето на правото на еднократна исплата на паричниот надоместок кој има едиснтвена цел за повторно вработување на невработените на Заедницата, како и правото на докуп на стаж на оние лица кои се на Заедницата за вработување заради остварување на правото на старосна пензија. Предлагам по повод на донесувањето на оваа Одлука да се донесат предложените заклучоци од страна на Собрани-ето под реден број 1, 2 и 3 содржани во образложението на Одлуката.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам оштиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 2 став 1 точка 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Закондоавно-правната комисија поднесе амандман на член 2 точка 2, Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3, а пратеникот Тодор Петров на член 2 став 1, точка 1 и 5 и на член 4 став 1 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Тодор Петров го повлече амандманот на член 2 став 1 точка 2 на седницата на Комисијата за финансирање и буџет,

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 2 став 1, точка 3, на член 3 став 1 точка 1, на член 3 став 1 точ-ка 3 и на член 3 став 1 точка 4, а ЗПК поднесе амандман на член 6 со кои не се соглаисл претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по Амандманот на член 2 став 1 точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 глас)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 2 став 1 точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 точка 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Во предложениот текст на Одлуката за стапката на при-донесот за вработување за 1992 година како обврзници за плаќање на придонес утврдени се и работните луѓе кои самостојно вршат дејност *со* личен труд, односно со личен труд и *со* средства во сопственост на граѓаните. Како основица за пресметување на придонесот им се утврдува основицата според која се плаќа данокот од личен доход. И од тие причини сметам дека не постојат според Законот за претпријатијата и Уставот создадени еднакви услови за стопанисување помеѓу приватниот сектор и општествениот. Имајки го тоа во предвид предлагам во членот 3 став 1 точка 3 да се менува и да гласи дека за овие обврзници работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд, односно *со* личен труд и средства во сопственост на граѓаните основица за пресметување на придонесот за вработување да им претставува просечниот личен доход остварен во стопанството на Републиката во претходната година зголемен *со* планираната стапка на пораст на личен доход за тековната година. На тој начин сметам дека ке се создадат изедначени услови за стопанисување и кај приватните стопанственици регистрирани како физички лица *со* правните лица во општествениот сектор. Разликата во методологијата на пресметката на даночната основица кај приват-ниците чистиот доход, односно добивката на фирмоносецот му ја пресметува како личен доход, бидејки категоријата личен доход за фирмоносецот воопшто не се ни дозволува од страна на законода-вецот да биде утврдена и пресметана. Ако се има во предвид дека личниот доход на фирмоносецот би можел да претставува неколку проценти од добивката, тогаш не е мала разликата во апсолутен

износ на платениот придонес на чист доход, односно добивка и на реално исплатенист личен доход на фирмоносецот. Оваа разлика во методологијата на пресметката на даночната основица дестимулатив-но влијае кај приватните стопанственици и затоа, или ја прикриваат вистинската даночна основица за да се намалат вкупните зафакања по било кој основ, или пак вршат најразлични малверзации на што ги принудува државата, или пак се пререгистрираат во правни лица за да ги имаат истите права и обврски утврдени по основ на било какви зафаќања како и правните лица во општествена сопственост. Имајќи во предвид дека и приватниците и општествените претпријатија мора да стопанисуваат под еднакви услови и имаат еднакви права и обврски на пазарот, се предлага предложеното решение во аман-дманот, односно основицата за пресметување на придонесот за врабо-тување да не претставува основицата според која се плаќа данокот од личен доход, туку просечниот личен доход остварен во стопан-ството во Републиката во претходната година зголемен со планираната стапка на пораст на личен доход за тековната година.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Почитувани пратеници, Комисијата за финансирање и буџет го разгледа амандманот на пратеникот Тодор Петров на член 3 став 1 точка 3 и не го прифати од следните причини. Основицата за пресметување за придонесите за здравствено осигурување, за пензиско осигурување и за данок од личен доход кај работниците и кај работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд, односно со личен труд и со средтва во сопствешст на граганите

тоа конкретно се занаетчиите кои што данокот го плаќаат по вистин-ски доход. За сите овие придонеси кои што Собранието ги утврди на последната седница од 1991 година, основицата е чистиот доход кој што се пресметува на база на вкупните приходи остварени во тековната година, а намалени за вкупните трошоци. Тргнувајки од тоа дека таа е основица, даночна основица и за придонесот за здравствено осигурување и за придонесот за пензиско осигурување Комисијата сметаше дека таа основица треба да биде и за придонесот за вработуваље, што е и нормално се додека не се изменат постојните законски прописи пред се Законот за даноците на граѓаните за да се утврди поинаква основица од даночната основица.

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Јас немав намера да дискутирам, меѓутоа сакам да кажам една работа.Практично амандманот на Тодор Петров значи една нова категорија во делот на обезбедување на основицата за пресмтка дека нема ниту основа, ниту елемент да се разговара за новите услови на стопанисување кои постојат. Од една страна поистоветуваме прилики на стопанисување, а во однос на давачките и придонесите воведуваме нова категорија која лично мислам дека не можеме да ја сместиме во новиот пресметковен систем. Мислам дека за тоа нема место.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претре-сот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (три гласа)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 точка 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (еден глас)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандамнот на член 3 став 1 точка 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (еден глас)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3 став 1 точка 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амanданот на член 6 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Молам, кој бара збор ? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (седум гласа)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандамнот на член 6 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог-одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуакта го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Господинот Абдурахман Халити бара збор.

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:

Јас се извинувам, гласавме за оваа работа, мегутоа бидејки претседателот на ЗПК не е тука ако ми биде дозволено, само една интервенција.

Амандманот на ЗПК се однесува на член 6 за забрана на повратното дејство, ретроактивното дејство кај Законот за работни односи ние го прифативме амандманот на ЗПК; односно и претставни-кот на Владата се согласи. Сега тука правиме друг пристап сигурно заради тоа што не беше објаснето и пратениците гласаа така како што гласаа.

ИЛИЈАЗ САБРИУ:

Мислам дека амандманот на ЗПК во оваа прилика не треба да се прифати од следните причини, бидејки оваа стапка 0,8 која е изведена и пондерирана не значи никакво оптоварување ниту на стопанството, ниту на приватниот сектор, туку напротив значи на некој начин олеснување, односно растоварување, бидејки е малку пониска од оние што досега сме ги имале општинските и републичките стапки. Од тие причини мислам дека не би требало да се прифати овој амандман на ЗПК бидејки е поповолно за самите претпријатија, односно за самите вработени во Република Македонија. Од тие причи-ни молам да биде прифатена Одлуката како што е предложена.

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:

Работите се  поврзани со Законот за работни однсои. Ако таму прифативме вакво решение, отпаѓа и ова решение тука авто-матски.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:

Мислам дека ние треба да го спроведуваме Уставот, а не да ги купуваме членовите со пари, дали има, или нема пари таму, па овде има. Јас го ценам мислењето  на министерот за труд, меѓутоа ние треба да работиме законито и уставно. Ако Уставот не пред-видува ретроактивни дејства, а јас знам на една комисија тоа го расправавме и дека треба ние да го спроведуваме Уставот. Според тоа, ако сме погрешиле, да се вратиме назад и исто така да се однесуваме и Уставот да го спроведуваме во целост. Како Парламент ако не го спроведуваме Уставот и законите, кој тогаш ке ги спроведува?

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Со една мала корекција, Уствот дава можност само до-колку е поповолно за граѓаните.

Ние ја завршивме расправата по амандманот и продолживме со претрес по текстот на Предлог-одлуката.

Одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за Одлуката да крене рака (63 гласа)

ТИТО ПЕТКОВСКИ: (продолжение)

63 пратеници гласаат за.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонесот за вработување за 1992 година.

Минуваме на точката 15 Предлог-програма за работа на Собранието на Република Македонија,

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Панче Минов,

ПАНЧЕ МИНОВ;

Јас имам предлог по повод донесувањето на оваа одлука Собранието донесе и работни заклучоци, односно ги прифати заклу-чоците предложени во образложението од предлагачот да се изнајдат реални основи кои ќе бидат солидни за финансирање на сите права на невработените по основ на невработеност. Бидејќи како што стои и во самото образложение во овој период имаме суспензија на правата по Законот за вработување, поради недостиг на средства.

Вториот заклучок е преиспитување на тие права, односно имаме права на користење, адхок пример сега викам на здравствена заштита на сите што се наоѓаат на заводот каде што има простор истите да се рационализираат.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине Минов тоа е предлог на Комисијата или ваш предлог?

ПАНЧЕ МИНОВ:

Наш е предлогот.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ние немаме во извештаите од комисиите таков предлог за работен заклучок. Но, ако господинот Минов инсистира на ваков заклучок, ќе треба да се умножи, да се напише. Молам, да го прочитате како сметате да гласи точно работниот заклучок.

БРАНКО АРСОВСКИ:

Само да спомнам дека Комисијата за труд и социјална политика, ако сте го прочлитале извештајот на оваа комисија, веќе ова Панче што го зборуваше тука е поместено. Така, нема потреба од некои посебни заклучоци, кога ние како Комисија веќе се произнесовме и го имаме тоа сместено тука.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине Минов, дали ова појаснување задоволува?

ПАНЧЕ МИНОВ:

Задоволува.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ние веќе се договоривме и м инавме на точката 15, а таа е Предлог Програма за работа на Собранието на Република Македонија за 1992 година.

Предлогот на Програмата и извештаите на работните тела на Собранието, како и Мислењето на Владата на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлог на Програмата.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Почитувани дами и господа, дозволете ми да направам една мала дигресија од темата која што е на дневен ред, што како претседател на Комисијата за деловнички прашања чувствувам должност и потреба да се извинам на членовите на Комисијата, вас прате-ниците и на претседателот што денес пред вас нема извештаи по Предлог-програмата за работа на Собранието од Комисијата за деловнички прашања.

Како што знаете, оваа комисија како и сите други рас-праваше по Нацрт-програмата на Собранието на Република Македонија и извештај од Комисијата ви беше доставен. Според тоа, од правен, процедурален и секаков вид аспект Комисијата требаше да расправа и по предлог-програмата. Без да ве замарам сакам да ве известам дека веќе подолго време Комисијата, а и јас како претседаел на Комисијата сме попречени во нашата работа. Во контекст на ова и мојата неможност да ја свикам Комисијата не само за претресување на Програмата, туку и за побогат дневен ред. Едноставно со месеци, а еве поточно 5 месеци Комисијата нема секретар. И покрај мои бројни заложби, па дури и молби да се разреши ова прашање, еве сведоци сме дека проблемот и ден денес постои, а Собранието и пратениците со месеци го чекаат донесувањето на овој деловник.

Ако некои во службите имаа намера да замре Комисијата за деловнички прашања, сметам дека прави тешка грешка. Зошто, пра-тениците се тие кои одлучуваат кога, како и со кои луѓе ќе работи една комисија, а службата е должна да ги служи пратениците во нивните барања за ефикасно работење на Собранието и работните тела или во спротивност се знае што следува.

За Програмата нема да дискутирам, зашто како пра-теник не ми се овозможи да се изјаснувам по истата во двете комисии каде што сум член.

ФАИК АБДИ:

Дами и господо, морам да кажам не сум присуствувал на мојата комисија на состанок, па таму да се произнесам, поради мои објективни причини и еве денес овде да се искажам со едни свои видувања од неколку аспекти.

Прво, да ви кажам дека можеби јас не забележав во Програмата, незнам дали тоа е содржано од аспект на законодавната дејност, она што е највисоко законодавно тело дали нешто се планира околу донесување на Законот за финансирање на политичките партии. Мислам дека тоа внатре го нема колку што јас можев да видам. Според тоа, предлагам претседателот односно Претседателството да го види ова како целисходна потреба за донесување на закон за финансирање на политички партии, зошто порано откога беа створени само две партии, односно три да кажам, да бидат финансирани, да имаат средства, да имаат материјални блага, да имаат канцеларии и тн. , како да останува истата работа другите политички партии немаат ништо и секогаш сме на штрек да молиме, да бараме, да кумиме итн. па според тоа предлагам да се донесе законот за финансирање на политичките партии и тие што имаат свои пратеници овде во Парламентот и тие што немаат да се најдат критериуми, начини и мерила и тоа да се реши.

Втора работа за која сакам малку повеќе да образложам е следната. Вие се сеќвате дека скоро една година барам одговор на едно пратеничко прашање, имено прашањето беше што, како и колку луѓе живеат во супстандардни живеалишта во Република Македонија, граѓаните на Македонија.

Сигурно видовте во вашите материјали дека одговорот е даден од страна на Министерството за урбанизам и комунално станбени прашања и екологија, незнам како се вика, и сигурно сте виделе дека еден огромен дел од нашите граѓани живеат апсолутно под ненормални услови и состојби. Јас морам да ве вратам назад на 50-тина година , тие што беа овде пратениците одеа кај тие сиромашни луѓе за да добијат гласови и навиваа, ќе направат улички, вода, струја, канализација, куќички и незнам што и т.н. , урбанистички планови, сиромаштијата ги даваше своите гласови и остануваа онакви како што и го започнаа својот живот. За жал веројатно и ние на овие наши последни избори, плуралистичко Собрание го имаме овде, демократско, кажавме пред тие избирачи дека ќе им го смениме животот, ќе им го подобриме и нема да ги оставиме во оној апартхејд. Замислете, некни бев во Битола и ме повикаа свечено да пуштам во производство вода после 25 години во едно маало вода добиваат луѓето. За жал, замислете каква е ситуацијата. Знаејќи дека еден огромен дел од нашите граѓани албанци, македонци, роми и други и т.н. живеат во едни апсолутно ненормални услови, можеби оваа работа ви е малку смешна, како да таму не може да навлезе епидемијата и да кажам под наводници некој вели нив господ ги чува. Да,господ ги чува, меѓутоа на една консултација со медицинари рекоа вака,  кај оваа популација кај овие граѓани кои што живеат во ненормални услови болестите доаѓаат некаде од 18-тата година од животот и тие дури тогаш ќе бидат пациенти. Кај другата популација која што е благословена од бога некаде од 35-тата и 40-тата година, па векот на живеење се знае каков ќе биде. Според тоа, предлагам Собранието во оваа Програма за работа, да влезе една програма на мерки и активности

за постапно елиминирање на супстандардните живеалишта на граѓаните на Република Македонија со изнаоѓање на потребни извори на средства за вакви решенија. Се разбира, овде ќе треба минимум урбанистичко обликување на тие населени места со минимум потребна инфраструктура. Јас знам дека за елиминнрање "на овие проблеми , големи проблеми, за ова право на живеење на луѓето, човечко право се потребни големи средства. Јас не сакам да критикувам и да кажам она што беше вчера кажано овде нема државата пари, заради тоа што овде се платени 120 и повеќе пратеници нека има министерства 22, дека имаме сизови и сл., не заради тоа, туку ние немаме пари заради тоа што ситуацијата ни е таква. Нашите фабрики не работат, нема четири, три смени, една ипол смена, половични смени, нема пласман нашето производство, немаме она што е објективно. Веројатно, по нашето прогласување ќе имаме многу подобри услови за развој и верувам дека ќе се створат поголеми средства за репродукцијата односно поголеми средства за се она што не следи во животот и општите и општествените потреби. Значи, инсистирам оваа точка да влезе во програмата, па нека не биде само 1992 година, туку тоа да биде постапно за реализација.

ЏАФЕРИ:

Почитувани колеги, читајќи го Нацрт предлогот на програмата и предлогот на програмата забележав дека во Предлогот на програмата се изоставени некои теми, дури и закони, но тоа е работа на Владата и на комисиите, сигурно за тоа така одлучиле. Јас нема да се задржам во текстот на Предлогот на програмата, туку имам некои начелни забелешки и тоа за роковите за донесување на одредени закони. Во предлогот на програмата стои дека предлог

на законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија планирана е за месец мај, а предлог на законот за патните исправи на Република Македонија е планиран за месец април. Овие документи мора да имаат грб, овде мислам дека ако се донесува Законот за грбот во мај, а законот за патните исправи во април, овде имаме едно временско недоразбирање. Уште предлог-законот за условите и начинот на службената употреба на јазиците и писмата на националностите. Предвиден е за месец јули. Овој закон ние сме очекувале ќе биде сега или во март или во април на некоја седница на дневен ред, бидејќи се знае со вакви закони и какви проблеми имаме на теренот таму.

Исто така, Предлог на закон за предучилишно основно образование и воспитание, за средно образование и за високото образование. Овие закони исто така се предвидуваат за јули месец. Спрема моето убедување тоа би требало или во месец април или во месец мај. Предлог-законот за денационализација која е предвидена за месец декември предлагам да се помери рокот за месец јуни. Образложението на тоа е дека во некои фирми сега отпочна со трансформација на капиталот, а сеуште со несредени имотно правни односи кои подоцна можат да имаат непожелни реперкусии.

Исто така, увидов дека и Законот за станбени задруги, кој е преддвиден за месец декември да се помери рокот за месец април или мај, а причините се познати, хаотичната состојба во овие задруги и во нивното работеше.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Би сакал да укажам на едно за мене практично претходно прашање кое се однесува на предлогот на Владата во однос на програмата за работа на Собранието, а тоа е на страница 40

да се внесат двете нови точки Закон за јавно информирање и Закон за работа на странски новинари, информативни установи и внесување и растурање на странски печат и тоа за рок јуни. Претходното прашање за кое би молел претставник на Владата да ми одговори бидејќи во образложение на Мислењето на Владата не постои, всушност, образложение, што овој закон за јавно информирање треба да содржи, би сакал да укажам на тоа дека со новиот Устав, со член 16 ние направивме голем чекор во остварувањата и гарантирањето на слободите и правата кои се однесуваат во областа на информирањето. Оттука, мое мислење е дека покрај она што во основниот текст на Програмата е предвидено да се донесе закон за радиодифузниот систем на начин како што овде тој закон треба да ги уреди односите во  радиодифузната мрежа, фреквенциите и т.н, дека нас ни е неопходен, закон за печат на начин на кој европските земји го уредуваат прашањето околу излагањето на печатот условите под кои може некој да се јави како издавач и т.н. и она што како една од денешните точки е врзана за конкретно престанокот на општествениот договор за финансирање, помагање на Нова Македонија и т.н. околу критериумите за потпомагањето на дневно-политичките весници. Мислам дека тука би морале да бидеме на јасно, бидејќи еден закон од типот како што сега го имаме Законот за јавно информирање, не би смеело ние да поддржиме, бидејќи тоа е во директна спротивност со уставните одредби за слободата на јавното информирање, слободата на формирање институции во областа на информирањето и т.н.

Од тие причини ако има некое образложение во однос на ова мислење и укажување на Владата, добро, а ако ке предлагам да не се прифати точка 27 од Мислењето на Владата.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, би сакал да информирам дека вчера беше денот на крводарителството на Македонија. Во тие рамки имаше повеќе манифестации во Републиката, меѓу кои посебна средба со крводарителите и организацијата на црвениот крст во Собранието. Презедов обврска да предложам во нивно име една тема, а тоа е Организацијата и актуелните проблеми на крводарителството во Република Македонија. Кратко образложение:

Состојбата со крв во Републиката е мошне критична и сложена и како последица на тоа се одлагаат операции во одделни болници. Во таа функција има потреба да се осмисли организацијата во Републиката како и активностите кои треба да се координираат во наредниот период.

Би потсетил дека оваа активност во претходниот мандат се остваруваше во рамките на Социјалистичкиот сојуз. Бидејќи таа функција се презема од државните органи има потреба да се осмисли низ кој облик на координирање оваа активност во наредниот период треба да се остварува. Во таа смисла замолувам овој предлог да биде прифатен од пратениците и во Програмата за работа на Собранието да влезе една ваква тема која што би била предмет на расправа за тековната година.

Втора обврска што преземав е да предложам на наредната седница на Собранието на Република Македонија пратениците на Репуб-личкиот парламент, членовите на Владата и нивните работни заедници да дадат крв. Доколку се прифати молам Парламентот да се изјасни за да организираме, на наредната седница на Парламентот членовите на Парламентот и членовите на Владата, како и соодветните работни заед-ници во Собранието и во министерствата да дадат крв за оваа година.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувани пратеници, Програмата за работа на Собранието на Република Македонија за 1992 година е прилично амбициозна и обемна, Треба да бидеме свесни дека оваа година не очекува прилична работа и тоа претежно од системски закони. Некаде околу 200 закони се

предвидени, предвидени се информации. Кога законите би оделе во две фази тоа се некаде околу 500 точки, еден дневен ред за една година. За оваа работа овој Парламент да ја заврши во оваа година ми се чини, покрај тоа што е програмата предлагам да донесе и заклучоци за остварување на истата односно предвидените рокови во Програмата да се задолжи Владата да ги следи така како што се предвидени во Програмата и законските проекти да ги достави до Собранието.

Исто така, Претседателството и претседтелот на Собранието согласно предвидениот рок во Програмата да постапуваат и да ги доставува до пратениците.

Во тој заклучок предлагам да влезе, дали месечно или на 6 месеци да го разгледаме остварувањето на Програмата. Доколку постои некое отстапување да знаеме кои се причините за тоа.

ЗЛАТАН МИТЕВ:

Почитувани пратеници, јас би се надоврзал на дискусијата на потпретседателот Киро Поповски кој го изнесе проблемот со крводарителството и иницијативата на Републичкиот црвен крст.

Наиме оваа организација која е прилично масовна кај нас и се занимава со низа проблеми од социјалната сфера, а и основна дејност и е крводарителството, до нашата Комисија, тоа е Комисијата за образование поднесе иницијатива за изменување и дополнување на Законот на Републичката организација на црвениот крст. Овој закон на Републичката организација на Црвениот крст е донесен 1977 година и досега нема претрпено никаква измена и дополнување. Затоа сметам дека во Програмата на работа на Собранието сега не би се врзузале за рокот кога треба тие измени и дополнувања да се донесат, меѓутоа сметам дека треба да влезе и оваа сфера.

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:

Дами и господа, во вториот дел каде се третира политич-киот систем во потточка а) точка 2 - Тематски прашања предвидена е информацијата за меѓунациоанлни односи за месец мај. Сметам дека овој рок не коренсподира со заклучокот на Собранието донесен на 31-та седница на 10 односно 11 февруари кога Владата се задолжи да изготви една ваква информација и истата да биде доставена на разгледување на ова Собрание во рок од еден месец. Еден месец веќе измина а до мај ќе изминат уште 2 месеци.

Сметам дека оваа работа треба малку да се забрза поради причините кои на сите ни се познати. Мислам дека е беспотребно нej-зино одлагање. Треба еднаш да се соочиме со некои проблеми и отворено да разговараме и да се договориме.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи овде имаше три конкретни предлози, незнам дали чувствува за потреба некои од претставниците на Владата да се про-изнесе по овие предлози, бидејќи се носители на изработувањето на законите.

Конкретно господинот Џафери бараше да се помести рокот во врска со употребата на јазикот на националностите во јуни, место во септември. Господинот Крстевски предложи донесуваље на нов закон, меѓутоа не и кој ќе биде изготвувач, носител.

Исто така и ова што господинот Положани го предложи сега за поемстувањето на рокот понапред.

Има збор потпретседателот на Владата господинот Блаже Ристовски.

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас не би го задржувал многу вашето внимание, меѓутоа би сакал да кажам дека сепак не е сеедно дали ќе имаме закон за јавно информирање, како и закон за работа на странски новинари, информативни установи, внесување и растурање на странскиот печат, бидејќи тоа нема врска со демократијата и слободата. И демократијата и слободата имаат свои закони. Според тоа, тоа се нужни работи бидејќи се многу поопфатни отколку, како што се предлага одделните закони, било за телевизијата или за печатот. Следствено една таква законска регулатива Владата смета дека е потребна и затоа е и предложено.

Инаку, што се однесува за овие рокови, многу е тешко сега кога се направени овие програмирања во рамките на министерствата да се инсистира на некое поместување. Тоа значи дека ќе претрпи измена целокупната работа на оваа законска регулатива. Затоа тешко е да се бара сега одделни закони, па вклучувајќи го и Законот за јазикот и оние други предлози што беа овде изнесени, да може вака адхок да се бара да се поместат за еден,два или повеќе месеци порано. Тоа ние тешко можеме да го направиме вака, со едно вакво инсистирање. Да се работи само за еден случај можеби може да се направат некакви рокади. Меѓутоа, се работи пред се за одредено министерство да речеме за министерството за образование и физичка култура. Вие знаете тоа министерство во каква состојба беше и тоа министерство започна со подготовки со извесни задоцнувања. Следствено не можеме ние сега да бараме од Министерството така на брзина да донесе суштествени закони. И она што е направено како програмирање

и како предлог од страна на Владата мислам дека сето тоа треба и да се запази.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја усвои Програмата за работа на Собранието на Република Македонија за 1992 година заедно со мислењето на Владата на Република Македонија, предлозите на работните тела содржани во извештаите и предлозите на пратениците на денешнава седница.

По повод усвојувањето на Програмата за работа на Собра-нието на Република Македонија за 1992 година, Комисијата за стопан-ство предлага Собранието да го усвои следниов работен зклучок.

1. Се задолжува Владата на Република Македонија да подготви и до крајот на април 1992 година на Собранието да му достави извештај за остварувањето на мерките на макроекономската политика на Република Македонија за првото тромесечие за 1992 година.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои работниот заклучок.

Што се однесува на предлогот на господинот Манев мислам дека тоа е обврска на Собранието, периодично и да гледа како се остварува програмата и доследно да го почитува тоа што денес го усвоивме.

Предлагам точката 16 - Изнесувањето на материјално-техничките средства и опремата на ЈНА од територијата на Република Македонија, обезбедувањето на државната граница, територијата и воздушниот простор на Република Македонија да ја одложиме, бидејќи за оваа информација се бара да биде разгелдана на затворена седница а по Уставот за таква одлука да донесеме ни е потребно двотретинско мнозинство. Ние такво мнозинство на денешнава седница немаме. Според тоа, како што реков, нема друга алтернатива освен оваа точка да ја одложиме за наредната седница.

Дали се согласувате со предлогот? (Се согласуваме)

(Предлагам пауза од 15 минути).

(Седницата продолжи со работа во 13,35 часот)

СТОЈАН АНДОВ:

Можеме да продолжиме со работа.

Еве, пред да минеме на точката 17 за збор се јави господинот Абдурахман Халити.

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ: /'

Сега примивме едно писмо од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Освен другите инсинуации тука се вели дека претседателт Андов, Владата и сите пратеници за да се покријат себе си и своето неразбирање и незнаење измислија нестручност и неодговорност на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ итн. Случајно видов на телевизијата овој текст беше даден и мислам дека ова Собрание и Владата и сите ние сме должни да кажеме дека не се согласуваме со овие нивни квалификации и на соодветен начин да дадеме оценка за ова што се тврди за сите нас тука. Мојот предлог е во таа смисла секој да каже дали навистина ја прифаќаме оваа работа или не.

Јас не сакам да ја елаборирам вистината затоа што во инфорамцијата што ни беше прочитана пред да продолжи денешната седница беше наведен редоследот на работите како се одвиваа вечра. Сега имаме едно тврдење дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се залагала за спроведување на заклучоците на Собранието во врска со аграрот и го обвинува претседателто на Собранието зошто не обезбе-дил Владата да даде Информација за спроведување на заклучоците. Па, во таа смисла молам дали гледате, дали и вие како и јас чувству-вате дека има потреба од соодветна расправа за оваа работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е соопштение на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за печат. Истовремено го упати и до мене, до претседателот на Собранието на Репубилка Македонија, меѓутоа тоа е прво дадено до средствата за информирање па потоа до мене. Очигледно тоа е нивна практика и за разлика од другите пратнеички групи оваа пратеничка група така комуницира и со Собранието и со јавноста. А ние можеме со тоа да се согласиме или не, но тоа е надвор од работата на Парламентот, тоа не е битно како тие настапуваат пред јавноста.

Во работата на Парламентот треба да се позанимаваме со нешто друго оти секој си одговара за она што го тврди пред јавноста и да не даваме квалификации дали тие се во право или ние сме во право, туку да ги наведеме фактите. Утринава ги наведовме фактите и точно рековме како е.

Во ова соопштение или обраќање, нема наслов, на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има една работа која морам сега да ја спомнам. Таа е нова и мора да ја спомнам од нивната вчерашна расправа. Затоа не треба да полемизираме со нив само треба да се спомне дека сега, а не вчера во расправата тие се повикуваат на заклучокот на Собранието од 18 февруари. Тие не го спомнаа заклучокот овде на седницата, но сега се повикуваат на него. Сакам да дадам дополнителна информаицја дека тој заклучок е испратен до Владата и по налог на Собранието претседателот постапил веќе на 20 февруаири. Според тоа, пред обраќањето на пратнеичката група на 25 февруари кога е интервенирано. Сакам да ви кажам дека по налог на Собранието претседателот навреме и правилно постапил.

Друга работа е што веројатно пратеничката група или не-кој во групата мислат дека претседателот на Собранието има други

инструменти да присили Влада или некој друг да постапи по заклучок на Собранието на начин како претседателот мисли дека треба да постапи Такви инструменти претседателот нема и такви овластувања освен да пренесе тоа што заклучило Собранието. Тоа е пренесено и сторено. Владата подготвила инфорамција навистина на оваа седница не ја даде затоа што не е мината на Владата, но има повеќе такви точки кои Владата не успеала во рокот кој Собранието го утврдил да даде. Тука имаме две прашања едното е навистина одговорност на Владата дали ги почитува роковите што господинот Петров утринава ги спомна и ако така би се поставила ние за тоа би расправале, тоа е надлежнсот на Собранието, меѓутоа, претседателот не е тој кој треба тоа да го постави и реши, нема такви надлежности, групата тоа треба да го знае.

Втора работа  зборува за сеуште несредени односи и сваќањата и разбирањата каква е уставната позиција на Собранието, а каква е уставната позиција на Владата. Тоа е многу  позначајно во нашата работа, тоа да го знаеме. Владата не е извршен орган на Соб- ранието. Владата е посебна уставна институција на која и припаѓа извршната власт и во вршењето на извршната власт Владата не зависи од Собранието , туку директно се потпира на Уставот. Ние сакаме Влдата да ја направиме зависна од Собранието во вршењето на извршанта власт. Со нашите барања и дневни информации да ни даваат и стално да ја преслушуваме , ние ја третираме како Извршен совет од минатиот систем пред да го донесеме Уставот. Владата е самостојна во вршењето на својата функција а Собранието може  само да постави прашање на доверба, не може да ја супституира нејзината функција, нема уставно право тоа да го прави.

Ова го обрнувам како сериозно внимание по повод ин-систирањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, но и заради прак-тиката која во Собранието ни се влече од стариот систем и сакаме да ја наметнеме, па сакаме 50% точно да ја зголемиме откупната цена на пченицата, на овој дадеме на оној да му даде, тоа не е наша работа, ние немаме такви овластувања по Устаовт, тоа е надлежност на Владата исклучива надлежност на Владата. Бидејќи тоа не го почитуваме овде, туку сакаме да ни се даваат дневни инфорамции, па да партиципираме во извршанта функција на Владата што е против уставно, Владата е очигледно загушена и неможе да постигне, очиглендо не може да постигне, не ја бранам Владата да се разбереме, јас сум исто пратеник како вас, не може да постигне и да дојде овде правовремено ние како бараме. Затоа, се прави програма и затоа ја правиме програмата која ке биде брана на секого овде да не може да претрчува преку црвен семафор па кога ке му текне нешто да бара од Владата или незнам што. Од Владата поединечно може да се бара низ пратнеички прашања, но Владата не смее да се сили да работи по задачи од Собранието во сферата на нејзината извршана функција инаку верувајте ми не ќе си ја вршиме нашата уставна функција, не ќе успееме да ја вршиме ниту ќе и дозволиме на Влаата нејзината функција да ја врши, а тогаш комплетно ако се помешат работите како што сега се јавува тенденција, ние ќе немаме право Владата да ја викаме на одговорност по онаа работа која по Устав е должна да носи одговорност заради тоа што сме се петљале во нејзината работа сме и се наметнале, партиципиравме и ја делиме одговорноста и таа не сноси одговорност. Оттаму мораме многу да внимаваме дали може да ни текне нешто на седница и да бараме веднаш Владата да го сработи, а ако е тоа од надлежност на Владата.

Друга работа е и за друга дискусија и по друг повод колку Владата придонесува сама на ваков начин и метод на работа и колку и нејзе и одговара да дели одговорност со Собранието, што не е во ред врз основа на Уставот.

Јас сакам овој повод да го искористам што тие велат дека претседателот треба да обезбеди да се направи инфорамција од Владата, верувајте ни во еден парламантарен систем тоа не е можно, претседателот на Собранието не може да обезбеди, тој само може да бара од претседателот на Владата врз основа на заклучок што е Владата задолжена да направи, но ако не направи тука се пратениците да постават прашање што е последицата на тоа, а нема изрична наредбодателска функција претседателот на Собранието, тие работи треба да се раздвојат и расчистат.

Инаку, немаме зошто друго да расправаме по ова, на господинот Абдурахман му велам би му дал одговор не гледам зошто да расправаме по ова во соопштението, бидејќи ние утринава дадовме соопштение еве сега објаснуваме оти навреме е изведена постапката од страна на Собранието и претседателот на Собранието, а тоа што не дошла Владата со таква информација, туку ќе дојде на идната седница Владата тогаш ќе каже зошто не дојде на оваа седница, туку дојде на таа седница, тоа е нејзино право и нема ништо понатаму околу тоа.

Затоа предлагам ние да одиме на 17-тата точка и да продолжиме да работиме.

Преминуваме на 17-тата точка од дневниот ред Информа-ција за финансиските проблеми во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија во 1991 година, со Предлог на мерки.

Информацијата, извештаите на Комисиајта за труд и социјална политика, Комисиајта за финансирање и буџет, мислењата од Владата на Република Македонија и од Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија како и Предлогот на заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес

Молам, кој бара збор? ^

Има збор господинот Никола Стојановски.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во поткрепа на Извештаите на комисиите би рекол само неколку збора за да важноста што ја дава инфорамцијата да ја потенцирам.

Во текот на минатата година и почетокот на оваа повеќе пати се изнесувани финансиските проблеми во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување. Се доенсуваат заклучоци, одлуки, мерки, но проблемите останувaат исти ако не и полоши. Средства нема доволно, нема прилив, а одливот е се поголем. Бројот на корисниците расте генераторите на недостиг на средства на фондот се исти и скоро ништо не е сторено тие да се сопрат освен што е покачена стапката пред три месеци за 1,5% односно од 16,5 на 18% што уште не дало значителни резултати па ниту ќе даде, оти таа стапка со поглемиот прилив на пензионери не е адекватна.

Да не должам само ке ги набројам генераторите уште еднаш, а тоа се:

- Енормнен пораст на пензионери што произлегува од тех-нолошкиот вишок и административните пензии од 1986 година имало 122 илјади и 800 , во 1991 година 180 илајди и 749, што е пораст околу 10% наместо 4,5% кој бил во претходните години.

- Ниска стапка  од 16,5% од 1987 година која дури во декември минатата година е зголемена на 18%.

- Благовремено и нецелосно извршување на обврските на буџетот на републиката должи 411 милиони динари, а ветено е дека ќе ги исплати.

- Личните доходи во натура, бонови, роба, нема придонес.

- Од дивидендите на акциите што во последно време е се  повеќе и повеќе раширено не се плаќа придонес.

- Исплата на гарантирани лични доходи.

- Приватниот сектор не ги пријавува вработените и не плаќа придонес, со исклучок на некои кои тоа совесно го извршуваат.

Ете, тоа се воглавно фактори кои придоенсуваат  касата на пензиско инвалидскиот фонд да е стално празна, пенмзиите да се исплатуват со задоцнување од месец и повеќе, а стандардот на пензионерите да се руши секојдневно.

Предлагам да се преземат итни мерки за санација на споменатите генератори на недостиг на средства и прифаќање на пред-ложените мерки и заклучоци и од фондот и од комисиите за труд и социјална политика како и Комисијата за финансии.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој дург бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратнеиците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некокј се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 18-тата точка од дневниот ред.

Предлог на одлука за изменување на одлуката за висината на месечниот надоместок на трошоците за вршење на пратеничката функција.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (Пратнеиците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека Собранието ја доенсе одлуката за изменување на одлуката за висината на месечниот надоемсток на трошоците за вршење на пратеничката функција.

Преминуваме на 19-тата точка од дневниот ред.

Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на надворешни ченови на комисиите на Собранието на Република Маке-донија од редот на научните и стручните работници.

Предлогот на одлуката ви е доставен

Отвоам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (Пратнеиците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

^

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Макеоднија од редот на научните и стручните работници.

Преминуваме на 20-тата точка од дневиот ред.

Предлог на одлука за состав на уредувачкиот одбор на "Собранискиот информатор".

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Одлуката, моалм да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за состав на уредувачкиот одбор на "Собранискиот информатор".

Преминуваме на 21-та точка од дневиот ред. Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратнеиците креваат рака).

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Олга Наумова е разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Преминуваме на 22-та точка од дневниот ред. - Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија за прекршоци од Општинскиот суд за прекршоци во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот,на одлуката молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Ванчо Здравев е разрешен од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд на прекршоци во Скопје, по негово барање.

Преминуваме на 23-та точка од дненвиот ред - Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Струмица.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никкој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја доенсе одлуката за разрешување од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Струмица.

Преминуваме на 24-тата точка од денвиот ред - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Ве молам, овде ни е укажано дека во оваа одлука за имену-вање претседател и членови на одборот за доделување на наградата "Климент Охридски" нема ни еден член од националностите, а досега секогаш имало. Затоа ми е укажано ова да го одложиме и повторно да го упатиме на Комисијата да ја разгледа.

Дали се согласувате со тоа?

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието одлучи оваа одлука уште еднаш да се упати на Комисијата повторно да ја разгледа и да ја предложи на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Преминуваме на 25-та точка - Предлог на одлука за раз-решување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 11-ти октомври.

И овде исто така нема ни еден член од националностите. Затоа, да ја упатиме на Комисијата уште еднаш да ја погледа и да ни даде поконкретен предлог.

Преминуваме на 26-та точка - Предлог на одлука за разре-шување на претседател и членови на Одборот за доделување на награ-дата "25 Мај".

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "25 Мај".

Преминуваме на 27-та точка. - Предлог на одлуки за именување членови на комисиите за изготвување предлог за именување на индивидуални работоводни органи и тоа:

- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Шумарскиот факултет во Скопје; и

- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на

Вишата медицинска школа во Битола.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за именување членови на комисиите за изготвување предлог за имену-вање на индивидуални работоводни органи.

Преминуваме на 28-та точка. - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на РО Економски институт-Скопје - Скопје за именување на индивидуален работоводен орган на Институтот.

Предлогот на одлуката ви е доставен.
Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на РО Економски институт "Скопје" - Скопје за именување на индивидуален работоводен орган на Институт.

Преминуваме на 29-та точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Ветеринарниот институт "Скопје" - Скопје за именување на индиииндуален работоводен орган на Институтот.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на ветеринарниот институт "Скопје" - Скопје за именување на индивидуален работоводен орган на Институтот.

Преминуваме на 30-та точка - Предлог на одлука за неда-вање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за старо-словенска култура во Прилеп за именување на индивидуален работо-воден орган на Институтот.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за неда-вање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за старосло-венска култура во Прилеп за именување на индивидуален работоводен орган на Институтот.

Преминуваме на 31-та точка - Предлог на заклучок во врска со примената на Општествениот договор за заедничката политика за решавање за материјалната положба и развој на дневните информативно-политички весници во СР Македонија ("Службен весник на СРМ" број 43 од 1981 година).

Предлогот на заклучокот и извештаите на Комисијата за општествено-политички систем, Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија како и Мислењето на Владата на Ре-публика Македонија Ви се доставени односно поделени.

Пред да отворам претрес ви укажувам дека предлагачот на оваа точка не е присутен на седницата. Затоа, да ја одложиме за наредниот пат кога ќе биде предлагачот присутен.

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

Тоа е и постапка која е и нормална.

ЕДЕН ПРАТЕНИК: (од место).

И првата и втората точка да се одложат до идната сед-ница.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, идниот пат, тогаш ќе се објасни.

Преминуваме на пратенички прашања.

Прво да видиме дали имаме присутни претставници од сите области од Владата. Добро, имаме повереници.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија во времето меѓу XXXIта и XXXIVта седница на Собранието достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Трајан Мицевски, Митко Анастасовски и Горан Зафировски, Александар Гештаковски, Цветан Јовчевски, Сејфедин Харуни, Љупчо Јакимовски, Александар Флоровски, Насер Зибери, Туше Гошев, Гоце Андоновски, Гулистана Јумеровска, Хамид Алиу, Бранко Арсовски, Тодор Петров, Горан Зафировски, Митко Анастасовски, Благоја Тошев, Мерсим Положани, Димитар Трпеновски, Газменд Ајдерага, Вецко Личоски, Теодосида Паунов, Мухамед Халили, Ферид Садику, Владимир Голубовски, Сејфедин Сулејмани, Иван Иванов и Благоја Чкатроски.

Исто така, Владата достави одговори и на дополнителните пратенички прашања на пратениците Фаик Абди и Гоце Андоновски, постави на XX-та и XXX1-та седница на Собранието.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања, во врска со истите имаат дополнителни прашања?

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Од одговорот што го добив на поставеното прашање за преземените мерки, за мерките што се преземаат во врска со ставањето на крај на кражбите што се изведуваат на подрачјето на општината Дебар, поконкретно во градот и селата од пограничното подрачје, јас не сум задоволен од причина што Информацијата е многу штура и не дава податоци каква е точно состојбата.

Затоа, барам Информацијата да се дополни со конкретни податоци. Има неколку податоци, меѓутоа тоа и е она што треба да се даде во одговорот заради тоа што состојбите се сосема поинакви.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, на наредната седница да се подготви. Ке добиете точно како гласи дополнителното прашање.

ФАИК АБДИ:

Информацијата што ја добив за живеењето на граѓаните на сите оние површини односно куќи на граѓаните на Република Македонија ја прочитав, беше многу јасна и денес како што знаете го поставив тоа прашање овде пред Собранието. Добро е што влезе во Програмата за работа на Собранието, како мерки и активности за отстранување на тие негативни работи во нашата држава.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Во врска со поставеното пратеничко прашаше во однос на старосните пензии на земјоделците, со дадениот одговор не сум задоволен и не барам дополнителен одговор, бидејќи е предложен закон за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кој сметам дека тој проблем барем минимум ќе се надмине и тие пензии на земјоделците од 130 динари, кои не изнесуваат ни 50 фенинзи, ниту една марка, ќе ги донесеме на едно пристојно ниво. Тој закон е во процедура за наредната седница и сигурно ќе даде одговор.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг од пратениците има дополнително прашање? (Нема).

Преминуваме на поставување пратенички прашање.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање на Владата на Република Македонија, односно на министрите или другите функционери кои раководат со органите на управата.

ФЕРИД САДИКУ:

Поставувам прашање до ресорното министерство односно Министерството за надворешни работи да ми одговори.

Патувајќи низ Македонија во сите правци при влегување во главниот град во Скопје никаде не забележав дека постои милиција односно по новата терминологија полиција во засилен состав. При влегувањето од Тетово за Ѓорче Петров има поставено и куќичка и милиција со ригорозна контрола.

На ресорното министерство поставувам прашање. Дали постојат причини само во тоа место да постои таква засилена кон-трола на влезот Во Ѓорче Петров.

СТОЈАН АНДОВ:

Нека се подготви одговор до наредната седница.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Почитувани колеги, во општината Кичево како што е познато во минатиот период имаше доста злоупотреби во врска со полагањето на возачки испити. За тој период надлежните органи дадоа своја оценка и презедоа одредени мерки. Со оглед на тоа што и по тој период има сознанија дека во врска со полагањето на возачкиот испит посебно од категорија Б има неправилности и необјективности, барам да ми се одговори: За последната година колку кандидати се пријавени со име и презиме, национална припадност, колку пати се пријавиле и по кое пријавување го положиле испитот во целина.

На прашањето да ми се одговори во писмена форма.

Второ прашање, со оглед на тоа што во текот на оваа седница го усвоивме Предлогот за донесување на закон за пријаву-вање на живеалиштето и престојувалиштето, го поставувам следното прашање:

Дали одредбите од член 2 од овој Предлог на закон ќе ги надминат постојните проблеми во врска со пријавувањето и одјавувањето на живеалиштето, бидејќи поседувам решенија со кои подрачното министерство во Кичево го оневозможува пријавувањето на одреден број граѓани. По мое мислење, органот се впуштал да ја оценува правната валидност на актот со кој граѓаните се стекнувале со станарско право.

Барам да ми се одговори во писмена форма.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Јас поставувам пратеничко прашање до надлежното минис-терство односно до Владата во врска со тоа кои се причините за сеуште нефункционирањето односно неконституирањето на општинското Собрание во Гостивар и до кога Владата ќе ја толерира ваквата состојба.

СТОЈАН АНДОВ:

И на тоа прашање до наредната седница да се подготви одговор.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Почитувани пратеници, Струмица е регион, тоа и порано го реков, кој секоја година произведува цирка милион тони прехрам-бени производи односно земјоделски производи, да не речам храна, кои бараат транспорт низ Републиката и надвор од неа. Меѓутоа, транспортните врски со Струмица добро ви се познати дека тоа е единствено патот Струмица - Радовиш - Штип итн.

Ја прашувам Владата дали има предвид размислување за продолжување на пругата Штип - Радовиш - Струмица и поврзување со Петрич и изградба на карго аеродром во Струмица.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, да се подготви одговор.

НЕЏАТ ЏАФЕРИ:

Се работи за локалниот пат спрема Шара што го поврзува Гостизар со Тетово. Овој локален пат ги поврзува селските населби каде што живеат околу 60.000 жители.

Го прашувам ресорното министерството кои се критериумите за да еден локален пат стане регионален.

ФАИК АБДИ:

Дами и господа, во оваа прилика се обраќам и на јавните гласила. На повеќе наврати Ромите азиланти повратници од Германија се служат со многу информации однсоно дезинформации како да некој ги вратил таму од бел леб на црн леб овде односно Фаик Абди ги вратил, бил во Германија незнам кога, па куќите не се нивни, треба да бидат нивни како да јас тоа го правам итн.

Барам информација од Владата, од ресорното министерство да се произнесе јавно и да каже кој со кого склучил договор, чии се тие куќи, чии треба да останат тие куќи и врз основа на што некој бара да биде сопственик на некоја куќа што не ја направил, но во тоа не навлегувам.

Второ, јавните гласила мислам дека се однесуваат многу некорекно изнесувајќи разни невистини во името на демократијата и би требало да се обратат до ресорното министерство да добијат точни информации.

Ги молам радиото и телевизијата односно раководството на Македонската телевизија да организираат една емисија Новинарски клуб каде што евентуално би учествувале одговорни луге за реално информирање на јавноста.

СТОЈАН АНДОВ:

Нека се одговори во писмена форма.

Повеќе прашања се заедно поставени, нека се одговори во писмена форма.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ова Собрание донесе роковник за изготвувањето на државните симболи на Република Македонија, со чие донесување е сврзана и постапката за донесување на повеќе системски закони. Од средствата за јавно информирање информирани сме како граѓани дека е извршена само една средба на претседателот на Комисијата за уставни прашања со претставници на Македонската академија на науките и уметностите. Меѓутоа, до денес воопшто немаме никаква информација и сознание до каде е постапката со донесувањето на државните симболи, со оглед на тоа што последниот рок тоа да го сториме е 20 мај. Март помина, останува уште април месец, а потребно е според роковникот да се распише и конкурс за изготвување на овие симболи.

Затоа, ме интересира до каде е постапката за донесувањето на државните симболи. Тоа прашање е поставено до претседателот на Собранието да одговори сега.

Прашање до Владата е дали и како е обезбедена државната граница со Република Србија и кога истата ќе се обезбеди по принципот на еквидистанца спрема сите четири соседни држави на Република Македонија.

На второто прашање може да ми се одговори и во писмена форма, но на првото може и веднаш.

СТОЈАН АНДОВ:

За првото прашање ќе ви кажам дека и покрај моите обраќања до Македонската академија на науките и уметностите која

е најкомплетна институција и ги содржи сите области од науката и струката, што се допираат до материјата на симболите, јас веќе завчера добив писмо од претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, тие определиле стручни лица кои тие работи ќе ги изведат или ќе ни помогнат да ги изведеме. Затоа е закажана седница на Комисијата за уставни прашања за утре. Комисијата за уставни прашања ќе заклучи, што е непосредниот чекор и сега ќе се забрзаат активностите. Ние моравме да обезбедиме соработка со луѓето од науката и струката, тоа беше неопходно, тоа е заклучок на Собранието, малку бавно одеше заради начинот како тоа се утврдува во Академијата. Ние моравме да се подредиме на статутарните одредби на Академијата, а не по нашиот роковник. Тие имаат во кој рок се состануваат определените одделенија кои претходни работи мора да бидат завршени итн. Тоа е завршена работа до завчера, тој дел. Сега ќе може да се забрза работата.

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:

Како што ви е познато проблемот со водоснабдувањето со вода за пиење на општините Прилеп и Крушево од регионалниот водовод "Студенчица" се провлекуваше повеќе години и за таа цел минатата година формиравме јавно претпријатие кое ќе стопанисува со регионалниот водовод и ќе воведе ред односно доследно ќе ја почитува стопанската дозвола. Сакам да истакнам дека тој проблем и ден денеска стои и не е воведен ред во водоснабдувањето.

Имам прашање до ресорните министерства, до Владата, дали Владата мисли да преземе мерки околу почитувањето на одлуките и законите на ова Собрание или пак ќе се дозволи и натаму да се стопанисува со тој регионален договор онака како што досега беше, кому како ќе му текне да отвора или да ги затвора шахтите.

Исто така барам Владата да побара информација, извештај, од јавното претпријатие "Студенчица-Злетовица" што има направено до сега на овој план, дали во целост е преземен регионалниот водовод или сеуште има проблеми околу ова.

Второ прашање, дали е точно дека буџетските средства во висна од 2 милиони динари, кои беа предвидени за демилитаризација на Република Македонија се предвидени да ги троши политичката партија МААК.

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:

Би сакал да ми се одговори на прашањето, кои мерки ќе ги

презема Владата за елиминирање на монополската позиција на повеќе организации во Републиката.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Јас до надлежните министерства би поставил две прашања.

Првото прашање до Министерството за финансии. Факт е дека употребата на динарот како платежно средство поради неконтролираното работење на Заводот за пари "Топчидер" станува опасно, односно сериозен извор на инфлација. Прашање, што презема Владата за неутрализирање на негативните ефекти од неконтролираната емисија и второ, дали размислува и кога предвидува воведување на национална валута со што и ќе се заокружи и суверeноста и ќе се намали притисокот динарот.

До Министерството за внатрешни работи. Денешниот весник "Флака е влазеримит" донесува информација дека деновиве во село "Радилишта" - Струга одред полицијаци наоружан до заби како што се вели, ги тероризирал жителите од несувајќи се како што нетреба. Имало и расправијас помеѓу некои жители од ова село и припадниците на одредот. Поставувам прашање. Кои биле вистинските причини за ваквиот однос на полицијата во тоа село и што е преземено од надлежниот орган против евентуално пречекорување на надлежностите на полицијата.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во декември месец минатата година имавме заклучок дека Владата ќе ја достави до ова Собрание макро-економската политика за 1992 година за да се види во какви услови и што ќе се прави во оваа ситуација во стопанството, она што е најбитното.

Во декември тоа не се случи, не се случи ни во јануар, кон крај на јануар или почетокот на февруар имавме повторно заклучок на ова Собрание дека ќе биде доставена и треба да биде доставена макро-економската политика за 1992 година. Нас ни е познато дека од Владата ни е доставен еден материјал пред извесно време за макро-економската политика со напомена на нејзината прва страница дека е тоа материјал за запознавање на пратениците на ова Собрание. Тој материјал е стигнат до соодветната комисија и како таков таму е малку третиран и завршена е расправата со запознавање на Комисијата фактички со тој материјал. Ме интересира дали навистина ова Собрание нема право, овој Парламент не расправаше, дали овој Парламент навистина нема право да расправа за макро-економската политика за 1992 година, дали е тој однос навистина така помеѓу Владата и Парламентот, зошто два пати изречен заклучок на овој Парламент не се спроведува, кога еднаш овој Парламент ќе расправа за вистинските проблеми на населението, дали Владата и овој Парламент имаат намера да расправаат за инфлацијата која што денеска е 50% месечна, тоа значи на годишно ниво 10 илјади. Дали навистина немаме никакви претпоставки да се обидеме да работиме врз една макро-економска рамнотежа во ова стопанство. Јас знам што и фали на нашава држава за да води таква политика, но од кога се мисли ќе се почне да се води таква политика во оваа Република, во оваа држава и што е тоа што навистина не спречува и апсолутно не можеме да почнеме да работиме или да знаеме од кога ќе почнеме да работиме на воспоставување на макро-економска рамнотежа без која не може ни да се почне на друго средување во оваа Република ни реформските прашања да се одвиваат, ништо од тоа. Тоа ме интересира, а ние расправаме, половично овде

расправаме, цените секој ден скокаат, вртоглавно скокаат, хаос е стопански, хаос од финансиска недисциплина, а ние за тие прашања не расправаме во овој Парламент.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

На сите ни е познато какви штети настанаа со недефинираниот статус на локалната самоуправа. Познато ни е на сите за што се се залагавме, уште на почетокот на нашиот мандат пред повеќе до година дена и поставувам прашање после незнам која верзија на работа и на каков текст, кога Владата до Собранието ќе го достави предлогот или нацрт на законот за локална самоуправа со законот за нова територијална поделба.

Второ прашање конкретно по можност да се одговори усмено. Дали Владата работи на законот за изборите или на изборниот закон, незнам кој термин е употребен.

МЕРСИМ ПОЛО?КАНИ:

По конституирањето на повеќепартиските собранија по општините таму што тие се конституираа уследи во одредени месни заедници и формирање на нови совети на месни заедници, некаде тој процес не можеше да се спроведе, односно наидуваше на отпор. Еден таков случај кој во оваа фаза доста придонесува за зголемување на тензиите е проблемот со месната заедница во Лабуништа, која пред неколку месеци на еден масовен собир на граѓаните на таа населба избра нов совет на месната заедница, во кои поради континуитет беа делумно вклучени и членови на стариот совет.

Меѓутоа, наиде на многу големо недоразбирање од локалните власти и не беа примопредадени печатите и некои други работи поврзани за административкото работење. Така сега во село Лабуништа фактички има на некои начин паралалена месна локална власт, старата и новата, кои секогаш се наоѓаат во една конфликтна состојба, дури отиде до таму што претседателот на Месната заед-ница против кого е покренат судски спор односно се води кривична постапка поради наводно фалсификување на печати. Бидејќи старата месна заедница не сакаше да ги предаде печатите па селото одлучи и направи нови печати и сега работи, а се товари човекот за тоа. Законот за локалната самоуправа се оддолжува, јас не велам дека тоа не е оправдано, меѓутоа се оддолжува и се сомневам дека ќе биде изготвен и прифатен во месец мај како што е одредено во програмата. Јас мислам дека тоа ќе трае и малку подолго. Како гледа ресорното министерство, и ова Собрание на овие состојби кои верувам не се единствени и не се карактеристични само со Струга.

ГОРГИ НАУМОВ:

Нацртот на законот за локалната самоуправа е изготвен и тој е доставен до Владата. Во текот на наредната седница Владата ќе го гледа и ќе ви биде презентиран веровaтно на првата седница на Собранието да биде разгледан.

Што се однесува на прашањето за избори, тој од како ќе се донесе законот за локалната самоуправа и законот за територијалната поделба на општините во Републиката потоа ќе следи тој закон.

мesни
те заедници писмено ќе одговориме.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Бидејќи овие денови низ средствата за јавно информирање добивме можност да бидеме запознаени со некакви нарачани милициски истраги од страна на министерот за информации поставувам пратеничко прашање. Дали е тоа точно и ако е точно кој е ставот на Владата?

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа ќе биде за наредната седница. Претседателот не е тука и тоа не може никој да одговори.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Колку што се сеќавате ние донесовме еден закон за овластување на Владата за преземање мерки за отстранување на причините што ја попречуваат репродукцијата. Јас тогаш реков дека овој закон е закон против пазарната ориентација, дека тој е еден облик на тоталитаризма во економијата, па сега прашувам.

Кој мерки Владата ги презела во тој период тоа е едно, и второ дали овој закон се уште е актуелен и е потребен на Владата за негова примена.

СТОЈАН АНДОВ:

Владата да подготви информација. Тоа прашање е крупно прашање оти има посебен заклучок на Собранието за тоа. Значи да подготви информација за спроведување на овој закон во кои ќе ги

прикаже мерките како го спроведувала, ефектите и потребите тој закон да биде натаму на сила.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас ќе поставам 2 прашања. Првото прашање за кое морам малку да дадам образложение. Последниве години во некои приградски наслеби на градот Скопје паѓа квалитетот на ел.енергија, односно паѓа напонот. Корисниците плаќаат струја од 220 волти, а скопската електродистрибуција не им го обезбедува тоа и не се грижи да инсталира нови трафостаници со свои средства. Од корисниците посебно во селските населби бара самите да платат за тие трафостаници. Вакво нешто не се случува во градските населби. Прашувам. Што може дас преземе Владата односно ресорното министерство граѓаните да не бидат изложени на вакви манипулации од скопската електро-дистрибуциа.

Второ прашаше. Во весникот "Вечер" од 8.1.1992 година во рубриката "од утро до вечер" со наслов "Времена дозвола -вечнас градба" пишува како, од кого и за кого се доделени локации односно деловни простории во општината "Карпош" од последниот извршен совет на чело со претседателот на тој Извршен совет. Локацијата каде е лоциран објектот се б деловни простории во сопственост на блиски роднини на члeновите на тој извршен совет. Јас не би сакал во овој случај да ги спомнам имињата, мислам нас корисниците на овие простории, бидејќи една ваква појава на доделување на локации без конкурс и на блиски роднини е присутна и во другите скопски општини. Прашувам, што презема министерството за урбанизам и градежништво по прашањето за незаконски доделени

и дали има увид како и кој ги добива овие локации.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:

Првото прашање што го имав нотирано не би гоповторувал а се поклопува *со* прашањето што го постави Трпеновски а тоа е по прашањето на законот за мерките што треба да се преземат за спречување, отфрлување, нарушување на тековите на општествената репродукција и сметам дека треба да се постапи според член 2 од самиот закон и извештај да добие Собранието и по него да се произнесе.

Второто мое прашање беше, од претпријатијата има најавување за ограничување на користење на средствата од своите жиро сметки посебно во делот на користењето на средствата со ефективни средства. Која е причината за ограничување на користењето на средствата и дали оваа мерка е донесена од страна на Владата или пак ја применуваат само банките во делот на недостатокот на средствата, затоа што веќе што задира во делот на извршувањето на редовите обврски. Денеска веќе има ограничување нас 30 илјади динари општествено претпријатие да може да подигне готовина од жиро с/ка а сигурно има повеќе претпријатија кои имаат потреба од готовина заради обавување на редовната функција. Па би сакал да бидеме информирани писмено која е причината за недоволниот оптек и делот на користењето на средствата од жиро с/ките на претпријатијата кои располагаат со средства.

СИМЕ НАУМОВ;

Јас до Владата имам 2 прашања. Едното е досега квалитетот на производите кои ги оствaруваме во производството го контролираме по нормите на југословенскиот стадард. Според сознанијата кои ги имаме југословенскиот стандасрд со седиште во Белград повеќе не функционира, па имам прашање до Владата, што намерава или што презема на овој план за носење на републичко решение за стандардизација на производите по кои ќе се контролира квалитетот. Барам одговор во писмена форма.

Второ прашање, сакам да се надоврзам и да го надополнам и конкретизирам прашањето на Алил Џаферовски во врска со водоводот "Студенчица". Ние минатата година на 4-та седница на ова Собрание одржана на 24 и25 јануар расправавме по проблемот водоснабдувањето преку "Студенчица" и донесовме 4 заклучоци. Третиот е многу конкретен и гласи:

"Собранието на РМ го задолжува Извршниот совет на Собранието на Република Македонија да ги забрза подготовките и другите неопходни активности за обезбедување на дополнителни извори на овој водовод со цел за трајно разрешување на проблемот со снабдување со вода" Овде овој заклучок го подразбирам и како дополнителни активности на Владата и преку обезбедување на дел од средства и изнајдување извори за крајно разрешување на проблемот со водоснабдување на општините Прилеп и Крушево. До денеска немам ни еден одговор ниту пак забележано дека е направено нешто на тој план околу обезбедување на дополнителни извори на вода.

а со оглед дека станува критично снабдувањето со вода во општина Прилеп, а како што читам и преку печатот и во Крушево, барам конкретен одговор на овој заклучок од седницата од 24 и 25 ја-нуари.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Моето прашање се однесува на состојбата во Собранието на Град Скопје.

Прашањето е дали Владата во врска со обраќањето на опозицијата до неа расправала и кои ставови ги заземала.

Второ, во подолг континуитет во средствата за јавно информирање а и до мене лично како пратеник се доставувани писма, објавувани се факсимили на одредени акти врз основа на кои се укажува на наводи на одредени злоупотреби во финансиското работење и ингиренциите кои актуелните функционери на градското собрание ги имаат.

Поставувам прашање до Владата дали врз основа на уставните овластувања на Надзорната комисија имаат нешто преземено во откривањето или утврдувањето на евентуалните вакви неправилности и дали нешто на тој план презамале. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува за министерот за правосудство и управа, а е во врска со постапката околу разрешување и избор на индивидуален работоводен орган на претпријатиетот "Макотекс".

Дали министерот за правосудство писмено се обраќал со ука-жување како треба да се спроведува постапката за избор на раководниот орган и дали на ист начин со свои сугестии се обраќал до соодветните судови, и до кои судови ако се обраќал. Молам, да ми се даде на увид таквото обраќање.

НИКОЛОВСКИ:

Почитувани пратеници, имајќи ги во предвид низата околности околу формирањето на јавното претпријатие "Студенчица"-Злетово

мислам дека би било најдобро да се покрене прашањето за ингеренциите и надлежностите и функцијата што ја остварува јавното лретпријатие, функциите и надлежностите во однос на ресорните министерства и функциите и надлежностите што ги имаат организациите кои стопанисуваат. Во овој момент ова сакам да го потенцирам имајќи ги предвид климатските услови кои стопанисуваат со Злетовица, како вода и реки од геолошки аспект.

Значи прашањето што го покренувам мислам дека треба да биде посебен предмет околу функцијата и функционирањето на ова јавно претпријатие кое стопанисува *со* ингеренциите овластувањата што ги има од Владата односно од организациите кои стопанисуваат и управуваат со водите.

Второто прашање не знам колку ќе биде достапно, но мислам дека Владата имајќи ги предвид севкупните состојби и проблеми кои се случуваат во платниот промет дали можеме да добиеме ние евиденција на емисијата, книговодствено, емисијата на пари по сите основи која е во промет на просторот на Македонија, кои имаа покритие и кои немаа покритие.

СТОЈАН АНДОВ:

Да се подготви Владата за наредната седница.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Имам две прашања.

Имаме сознанија дека како редовите на полицијата така и оние од армијата на Македонија се потполнуваат со кандидати од

македонската националност. Поставувам прашање дали е тоа вистина? Тоа е прво.

Второ, ако е тоа вистина какви се размислувањата на надлежните министерства за составот на овие вооружени сили на Македонија.

Барам писмен одговор.

ТИМЕ АНДОНОВ:

Имаме сознанија од Владата дека Заклучокот за тутунот што беше донесен на минатата седница, не може да се спроведе односно целосно не може да се спроведе, а бидејќи на наредната седница треба да расправаме за ова, барам од Владата да изготви информација за сите тутунски претпријатија во Македонија (Македонија-табак, Југотутун, Интерна Банка при Македонија-табак) во која ќе бидат внесени сите приходи и расходи.

Исто така да бидат внесени податоци за извозните аранжмани и за секој извоз посебно цена, постигната цена по килограм тутун и да бидат внесени залихите што ги имаат моментално овие претпријатија.

СТОЈАН АНДОВ:

Собранието не е СОК, не е финансиска инспекција, треба да имаме разбирање.

ТИМЕ АНДОНОВ:

Сметам дека имам потполно право, бидејќи овие се монополски организации, Собранието ги оквирува овие закони и дава таква надлежност, според што ние треба да имаме такви податоци за да можеме да бидеме информирани и да расправаме поточно.

СТОЈАН АНДОВ:

Треба да дадат информација за можноста да се остварат заклучоците во врска со доплатата на тутунот. Инаку, не е возможно сето тоа да се реализира. Тоа се огромни книги кои овде би дошле за секое претпријатие.

Добро, нека се обидат врз основа на Вашето прашање ако е можно да одговорат, но во согласност со Законот да биде сето тоа.

НАИФ МУСТАФА:

Јас имам две прашања до Министерството за одбрана.

Каков е националниот состав на командниот кадар во активниот и во резервниот состав.

Второ, каков е составот на националната гарда?

СТОЈАН АНДОВ:

Ние немаме национална гарда. Јас колку што знам немаме акт за таква единица, формација. Да не мислите на националниот состав на вооружените сили на Македонија. Мислам дека се постави такво прашање.

Молам, дали има уште некои прашања? (Нема).

Со тоа ја завршуваме оваа седница, освен првите две точки. (Седницата заврши во 14,45 часот).